Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:31.12.2024 18:35:45
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 277** **31 декември 2024, вторник** **година LXXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

Стр.

4766. **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на записникот за извршена финансиска инспекција, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција не доставиле забелешки во хартиена форма, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција навремено доставиле забелешки во хартиена форма, но истите не се прифатени од финансискиот инспектор и формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција доставиле забелешки во хартиена форма со нови факти и материјални докази кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот и истите се прифатени од финансискиот инспектор… 2

4767. **Правилник** за начинот и роковите за доставување на информации кои се обезбедуваат од општините, другите буџетски корисници и други јавни субјекти кои управуваат со финансиските средства на државата или општините, правните лица во кои државата или општините има директно или индиректно вложување во капитал и други правни лица, за потребите на Регистарот на акции, удели и учество во капитал во правни лица на државата и на општините…………… 12

4768. **Правилник** за начинот на отворање на девизни сметки на буџетските корисници……………………………… 12

4769. **Правилник** за начинот на издавање на одобрение за предлози за склучување на договори за финансиски лизинг на буџетските корисници на Буџетот на државата или на општината…………... 13

4770. **Правилник** за начинот за преземање обврски во Буџетот за тековната година и во буџетите за следните години и начинот на расположивост на правата на трошење во буџетот пред почетокот на постапка за јавна набавка………………………………….. 13

4771. **Правилник** за организациската класификација…………………………… 15

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4772. | **Правилник** за програмска класификација…………………………………… | 17 |
| 4773. | **Правилник** за буџетска класификација по извори на финансирање…….. | 17 |
| 4774. | **Правилник** за функционална класификација……………………………… | 19 |
| 4775. | **Правилник** за формата, содржината, воспоставувањето и начинот на одржување на Регистарот на јавни субјекти………………………………….. | 50 |
| 4776. | **Правилник** за економска класификација…………………………………… | 52 |
| 4777. | **Правилник** за формата и содржината на Прекршочниот платен налог….. | 122 |
| 4778. | **Правилник** за формата и содржината на Образецот за проценка на среднорочни фискални импликации…….. | 131 |
| 4779. | **Упатство** за начинот на планирање на ликвидноста на буџетот………….. | 137 |
| 4780. | **Упатство** за начинот на управување со ликвидноста на системот на Единствена трезорска сметка………. | 139 |
| 4781. | **Упатство** за начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација меѓу организациските единици и институции поврзани со макроекономското и фискалното проектирање........................ | 140 |

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**4766.**

Врз основа на член 45 став (8) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНЕЧНИОТ ЗАПИСНИК ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА КОГА СУБЈЕКТИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА НЕ ДОСТАВИЛЕ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ХАРТИЕНА ФОРМА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНЕЧНИОТ ЗАПИСНИК ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА КОГА СУБЈЕКТИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА НАВРЕМЕНО ДОСТАВИЛЕ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ХАРТИЕНА ФОРМА, НО ИСТИТЕ НЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД ФИНАНСИСКИОТ ИНСПЕКТОР И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КОНЕЧНИОТ ЗАПИСНИК ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА КОГА СУБЈЕКТИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА ДОСТАВИЛЕ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ХАРТИЕНА ФОРМА СО НОВИ ФАКТИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОКАЗИ КОИ СЕ ОД ВЛИЈАНИЕ ЗА ПРОМЕНА НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА УТВРДЕНА ВО ЗАПИСНИКОТ И ИСТИТЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД ФИНАНСИСКИОТ ИНСПЕКТОР

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на записникот за извршена финансиска инспекција, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција не доставиле забелешки во хартиена форма, формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција навремено доставиле забелешки во хартиена форма, но истите не се прифатени од финансискиот инспектор и формата и содржината на конечниот записник за извршена финансиска инспекција кога субјектите на финансиската инспекција доставиле забелешки во хартиена форма со нови факти и материјални докази кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот и истите се прифатени од финансискиот инспектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/23), Прилозите 1, 2, 3 и 4, се заменуваат со нови Прилози 1, 2, 3 и 4, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 25-7600/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

Прилог 1

Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Сектор________________________________
(назив на организационата единица)

Архивски бр. ______________
___.___. ______ година
Скопје

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), составен е следниот

**ЗАПИСНИК**

**ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА**

**1. Податоци за субјектот на финансиската инспекција**

| | |
|---|---|
| Назив: | |
| Седиште/адреса: | |
| Е-пошта: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Единствен матичен број на субјектот: | |
| Единствен даночен број: | |

**2. Податоци за раководителот на субјектот на финансиската инспекција**

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Е-пошта: | |
| Работно место во субјектот на финансиската инспекција: | |

**3. Податоци за спроведената финансиска инспекција:**

| | |
|---|---|
| Датум на почеток на финансиската инспекција: | |
| Датум на завршување на финансиската инспекција: | |
| Место: __________________ | Простории на: _______ /___________ |

**4. Финансиската инспекција е извршена од:**

- ______________________________, ______________________________,
(име и презиме) (звање)
- ______________________________, ______________________________ и
(име и презиме) (звање)

– ______________________ , ________________ , овластен/а да помага во инспекцискиот надзор,
(име и презиме) (звање)

сите од Секторот ____________________________________________________ при Министерството за финансии.

**5. Финансиската инспекција е извршена врз основа на:**

_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

**6. Предмет на финансиската инспекција:**

_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________________ .

**7. Известување до субјектот на финансиската инспекција:**

______________________________________________________________________________________.

**8. При спроведување на финансиската инспекција, субјектот на финансиската инспекција беше претставуван од:**

| Име и презиме | Назив на работното место | Број на мобилен телефон | Е-пошта |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**9. Опис на утврдената фактичка состојба и наоди:**

_______________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________________

**10. Напомена:** Записникот е составен во службените простории на Министерството за финансии, во два примероци, од кои еден примерок е за службена употреба на финансиската инспекција, а еден примерок се доставува до субјектот на финансиската инспекција за да даде забелешки во хартиена форма во рок од десет дена од денот од приемот на записникот согласно член 45 став (2) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*).

Доколку во рок од десет дена од денот на приемот на записникот, не доставите забелешки во хартиена форма по однос на наводите во овој записник, финансискиот инспектор во рок од три дена од истекот на рокот за доставување на забелешките ќе состави нов конечен записник согласно член 45 став (3) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), кој ќе се достави до субјекот на финансиската инспекција.

Доколку во рок од десет дена од денот на приемот на записникот, доставите забелешки во хартиена форма по однос на наводите во овој записник, а истите не се прифатени, финансискиот инспектор во рок од десет дена од денот на приемот на забелешките ќе состави нов конечен записник согласно член 45 став (4) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), кој ќе се достави до субјекот на финансиската инспекција, со известување за причините за нивното неприфаќање.

Доколку во рок од десет дена од денот на приемот на записникот, доставите нови факти и материјални докази во забелешките во хартиена форма по однос на наводите во овој записник, а кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот, финансискиот инспектор ќе ги прифати доставените забелешки во записникот и во рок од десет дена од денот на приемот на забелешките ќе состави нов конечен записник согласно со новата фактичка состојба, согласно член 45 став (5) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), кој ќе се достави до субјекот на финансиската инспекција.

**Во финансиската инспекција учествуваше/а:**

______________________________

______________________________ М.П. ______________________________

(име, презиме и потпис) (име, презиме и потпис на финансискиот инспектор)

Прилог 2

Република Северна Македонија

Министерство за финансии

Сектор_______________________________
(назив на организационата единица)

Архивски бр. _______________

___.___. ______ година

Скопје

Врз основа на член 45 став (3) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), составен е следниот

**КОНЕЧЕН ЗАПИСНИК ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА**

**КОГА СУБЈЕКТИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА НЕ ДОСТАВИЛЕ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ХАРТИЕНА ФОРМА**

**1. Податоци за субјектот на финансиската инспекција**

| | |
|---|---|
| Назив: | |
| Седиште/адреса: | |
| Е-пошта: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Единствен матичен број на субјектот: | |
| Единствен даночен број: | |

**2. Податоци за раководителот на субјектот на финансиската инспекција**

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Е-пошта: | |
| Работно место во субјектот на финансиската инспекција: | |

**3. Податоци за спроведената финансиска инспекција:**

| | |
|---|---|
| Датум на почеток на финансиската инспекција: | |
| Датум на завршување на финансиската инспекција: | |
| Место: __________________ | Простории на: _______ /___________ |

4. **Финансиската инспекција е извршена од:**

– ___________________________________, ___________________________________________________,
(име и презиме) (звање)

– _______________________________, ___________________________________________ и
(име и презиме) (звање)

–__________________ , ____________ , овластен/а да помага во инспекцискиот надзор,
(име и презиме) (звање)

сите од Секторот ___________________________________________________ при Министерството за финансии.

5. Финансиската **инспекција е извршена врз основа на:**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________ .

6. **Предмет на финансиската инспекција:**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________ .

7. **Известување до субјектот на финансиската инспекција:**

______________________________________________________________________________.

8. **При спроведување на финансиската инспекција, субјектот на финансиската инспекција беше претставуван од:**

| Име и презиме | Назив на работното место | Број на мобилен телефон | Е-пошта |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

9. **Опис на утврдената фактичка состојба и наоди:**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________.

10. **Субјектот на финансиската инспекција не достави забелешки во хартиена форма.**

11. **Напомена:** Записникот е составен во службените простории на Министерството за финансии, во два примероци, од кои еден примерок е за службена употреба на финансиската инспекција, а еден примерок се доставува до субјектот на финансиската инспекција.

**Во финансиската инспекција учествуваше/а:**

_________________________
_________________________
(име, презиме и потпис)

м.п.

_________________________
(име, презиме и потпис на финансискиот инспектор)

Прилог 3

Република Северна Македонија

Министерство за финансии

Сектор________________________________
(назив на организационата единица)

Архивски бр. _______________

___.___. _______ година
Скопје

Врз основа на член 45 став (4) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), составен е следниот

**КОНЕЧЕН ЗАПИСНИК**

**ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА КОГА СУБЈЕКТИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА НАВРЕМЕНО ДОСТАВИЛЕ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ХАРТИЕНА ФОРМА, НО ИСТИТЕ НЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД ФИНАНСИСКИОТ ИНСПЕКТОР**

**1. Податоци за субјектот на финансиската инспекција**

| | |
|---|---|
| Назив: | |
| Седиште/адреса: | |
| Е-пошта: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Единствен матичен број на субјектот: | |
| Единствен даночен број: | |
| **2. Податоци за раководителот на субјектот на финансиската инспекција** | |
| Име и презиме: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Е-пошта: | |
| Работно место во субјектот на финансиската инспекција: | |

**3. Податоци за спроведената финансиска инспекција:**

| | |
|---|---|
| Датум на почеток на финансиската инспекција: | |
| Датум на завршување на финансиската инспекција: | |
| Место: ___________________ | Простории на: _______ /___________ |

**4. Финансиската инспекција е извршена од:**

- ________________________________________, __________________________________________________,
(име и презиме) (звање)

– ______________________________, ____________________________________________ и
(име и презиме) (звање)

– __________________ , ______________ , овластен/а да помага во инспекцискиот надзор,
(име и презиме) (звање)

сите од Секторот ________________________________________________ при Министерството за финансии.

5. **Финансиската инспекција е извршена врз основа на:**

________________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________ .

6. **Предмет на финансиската инспекција:**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________ .

7. **Известување до субјектот на финансиската инспекција:**

______________________________________________________________________________.

8. **При спроведување на финансиската инспекција, субјектот на финансиската инспекција беше претставуван од:**

| Име и презиме | Назив на работното место | Број на мобилен телефон | Е-пошта |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

9. **Опис на утврдената фактичка состојба и наоди:**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________.

10. **Субјектот на финансиската инспекција навремено во законски утврдениот рок достави забелешки во хартиена форма, но истите не се прифатени од финансискиот инспектор, бидејќи истите не се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот.**

11. **Напомена**: Записникот е составен во службените простории на Министерството за финансии, во два примероци, од кои еден примерок е за службена употреба на финансиската инспекција, а еден примерок се доставува до субјектот на финансиската инспекција

**Во финансиската инспекција учествуваше/а:**

______________________________
______________________________ м.п. ______________________________
(име, презиме и потпис) (име, презиме и потпис на финансискиот инспектор)

Прилог 4

Република Северна Македонија

Министерство за финансии

Сектор________________________________
(назив на организационата единица)

Архивски бр. _______________

___.___. _______ година

Скопје

Врз основа на член 45 став (5) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*), составен е следниот

**КОНЕЧЕН ЗАПИСНИК**

**ЗА ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА КОГА СУБЈЕКТИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА ДОСТАВИЛЕ ЗАБЕЛЕШКИ ВО ХАРТИЕНА ФОРМА СО НОВИ ФАКТИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОКАЗИ КОИ СЕ ОД ВЛИЈАНИЕ ЗА ПРОМЕНА НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА УТВРДЕНА ВО ЗАПИСНИКОТ И ИСТИТЕ СЕ ПРИФАТЕНИ ОД ФИНАНСИСКИОТ ИНСПЕКТОР**

**1. Податоци за субјектот на финансиската инспекција**

| | |
|---|---|
| Назив: | |
| Седиште/адреса: | |
| Е-пошта: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Единствен матичен број на субјектот: | |
| Единствен даночен број: | |

**2. Податоци за раководителот на субјектот на финансиската инспекција**

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Број на телефон/мобилен телефон: | |
| Е-пошта: | |
| Работно место во субјектот на финансиската инспекција: | |

**3. Податоци за спроведената финансиска инспекција:**

| | |
|---|---|
| Датум на почеток на финансиската инспекција: | |
| Датум на завршување на финансиската инспекција: | |
| Место: ___________________ | Простории на: _______ /___________ |

4. **Финансиската инспекција е извршена од:**

- ____________________________________, _________________________________________________,
(име и презиме) (звање)

– ______________________________, __________________________________________ и
(име и презиме) (звање)

– ____________________ , ______________ , овластен/а да помага во инспекцискиот надзор,
(име и презиме) (звање)

сите од Секторот __________________________________________________ при Министерството за финансии.

5. **Финансиската инспекција е извршена врз основа на:**

______________________________________________________________________________
_________________________________________________________________________

6. **Предмет на финансиската инспекција:**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________________ .

7. **Известување до субјектот на финансиската инспекција:**

_____________________________________________________________________________.

8. **При спроведување на финансиската инспекција, субјектот на финансиската инспекција беше претставуван од:**

| Име и презиме | Назив на работното место | Број на мобилен телефон | Е-пошта |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

9. **Опис на утврдената фактичка состојба и наоди:**

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
________________________________________________________________.

10. **Субјектот на финансиската инспекција во законски утврдениот рок ги достави следните забелешки во хартиена форма со следните нови факти и материјални докази:___________________________________________________________________ _____________________________________________________________, кои се од влијание за промена на фактичката состојба утврдена во записникот поради што истите се прифатени од финансискиот инспектор и е составен овој нов конечен записник.**

11. **Напомена:** Записникот е составен во службените простории на Министерството за финансии, во два примероци, од кои еден примерок е за службена употреба на финансиската инспекција, а еден примерок се доставува до субјектот на финансиската инспекција.

Во финансиската инспекција учествуваше/а:

______________________________
______________________________ м.п. ______________________________
(име, презиме и потпис) (име, презиме и потпис на финансискиот инспектор)

**4767.**

Врз основа на член 78 став (2) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24) министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ОД ОПШТИНИТЕ, ДРУГИТЕ БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ СУБЈЕКТИ КОИ УПРАВУВААТ СО ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА НА ДРЖАВАТА ИЛИ ОПШТИНИТЕ, ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО КОИ ДРЖАВАТА ИЛИ ОПШТИНИТЕ ИМА ДИРЕКТНО ИЛИ ИНДИРЕКТНО ВЛОЖУВАЊЕ ВО КАПИТАЛ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕГИСТАРОТ НА АКЦИИ, УДЕЛИ И УЧЕСТВО ВО КАПИТАЛ ВО ПРАВНИ ЛИЦА НА ДРЖАВАТА И НА ОПШТИНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и роковите за доставување на информации кои се обезбедуваат од општините, другите буџетски корисници и други јавни субјекти кои управуваат со финансиските средства на државата или општините, правните лица во кои државата или општините има директно или индиректно вложување во капитал и други правни лица, за потребите на Регистарот на акции, удели и учество во капитал во правни лица на државата и на општините.

Член 2

Општините, другите буџетски корисници и други јавни субјекти кои управуваат со финансиските средства на државата или општините, како и правните лица во кои државата или општините има директно или индиректно вложување во капитал, доставуваат информации директно во Регистарот на акции, удели и учество во капитал во правни лица на државата и на општините, во електронска форма, потпишани електронски од овластено лице на овие субјекти, најдоцна во рок од 30 дена по завршувањето на календарската година, односно во рок од 30 дена од денот на настанатата промена на информацијата.

Член 3

Централниот регистар на Република Северна Македонија и другите регистри кои ги водат овластените државни органи, Централниот депозитар за хартии од вредност и другите јавни субјекти кои имаат податоци за вложувањата во капиталот во правните лица на државата и на општините, доставуваат информации до Министерството за финансиии, на негово барање, во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 16-11898/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

**4768.**

Врз основа на член 69 став (9) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24) министерот за финансии донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОТВОРАЊЕ НА ДЕВИЗНИ СМЕТКИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на отворање на девизни сметки на буџетските корисници.

Член 2

Матичниот буџетски корисник или општината (во натамошниот текст: буџетските корисници) до Министерството за финансии поднесуваат барање за добивање согласност за отворање на:

1. девизна сметка за проект финансиран со кредит или донација или
2. општа девизна сметка за редовно работење.

Член 3

Со барањето од член 2 точка 1 од овој правилник потребно е да се достави копија од договорот за кредит или договорот за донација или друга документација.

Со барањето од член 2 точка 2 од овој правилник потребно е да се достави документ за регистрација издаден од надлежен орган на Република Северна Македонија или на државата во која е регистрирано правното лице, кој не треба да биде постар од шест месеци и од кој може да се утврди: називот, правната форма, седиштето, даночниот број или друг регистрациски број на правното лице, законскиот застапник, органот на управување или лицата овластени за воспоставување на деловниот однос, односно извршување трансакција во име на правното лице.

Член 4

Буџетските корисници за отворање на девизна сметка до Народната банка на Република Северна Македонија поднесуваат согласност добиена од Министерството за финансии за отворање на девизна сметка и друга документација согласно Одлуката за условите и постапката за отворање и затворање на платежните сметки во Народната банка на Република Северна Македонија.

Член 5

Врз основа на добиената согласност од Министерството за финансии, како и потребната документација од член 4 од овој правилник, буџетските корисници отвораат девизна сметка во Народната банка на Република Северна Македонија.

Член 6

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на отворање на девизни сметки на буџетските корисници и единки корисници на средства на Буџетот на Ре-

публика Македонија и Буџетот на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.85/06).

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија'', а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 16-11899/1
30 декември 2024 година — Министер за финансии,
Скопје — д-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

---

**4769.**

Врз основа на член 90 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22, 76/24 и 272/24) министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРЕДЛОЗИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА БУЏЕТОТ НА ДРЖАВАТА ИЛИ НА ОПШТИНАТА**

Член 1

Со овој правилник подетално се пропишува начинот на издавање на одобрение за предлози за склучување на договори за финансиски лизинг на буџетските корисници на Буџетот на државата или на општината.

Член 2

Матичниот буџетски корисник на Буџетот на државата или градоначалникот на општината поднесува предлог до Министерството за финансии за склучување на договор за финансиски лизинг.

Со предлогот од ставот 1 на овој член потребно е да се достави:

- решение за потреба за склучување на договор за финансиски лизинг од раководителот на матичниот буџетски корисник на Буџетот на државата или одлука за потреба за склучување на договор за финансиски лизинг од Советот на општината;

- анализа на придобивки од предлогот, проценка на годишни фискални импликации од предлогот и извори за отплата на обврските кои произлегуваат од предлогот и

- доказ за расположливи средства во рамки на релевантна буџетска апропријација на важечкиот буџет и/или други расположиви средства согласно член 50 од Законот за буџети.

За да може да се издаде одобрение за предлогот за склучување на договор за финансиски лизинг, буџетските корисници на Буџетот на државата или на општината треба финансиските обврски кои произлегуваат од предлогот да ги имаат планирано во своите буџети.

Член 3

Врз основа на предлогот и доставената документација од член 2 ставови 1 и 2 од овој правилник, како и врз основа на планираните буџетски средства согласно член 2 став 3 од овој правилник, од страна на Министерството за финансии се издава одобрение за склучување на договор за финансиски лизинг.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 16-11900/1
30 декември 2024 година — Министер за финансии,
Скопје — д-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

---

**4770.**

Врз основа на член 50 став (9) , 51 став (6) и 52 став (2) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.203/22 76/24 и 272/24) министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ ОБВРСКИ ВО БУЏЕТОТ ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА И ВО БУЏЕТИТЕ ЗА СЛЕДНИТЕ ГОДИНИ И НАЧИНОТ НА РАСПОЛОЖИВОСТ НА ПРАВАТА НА ТРОШЕЊЕ ВО БУЏЕТОТ ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за преземање обврски во буџетот за тековната година и во буџетите за следните години и начинот на расположливост на правата за трошење во буџетот пред почетокот на процесот на јавната набавка.

Член 2

(1) Преземањето на обврска во буџетот за тековна година настанува со:

1. Склучување договор;

2. Потпишување преддоговор, писмо за намери или друг документ со слични последици - обврска за плаќање (во натамошниот текст: договор);

3. Закон;

4. Подзаконски акт и

5. Правосилна судска или административна одлука.

(2) Преземањето на обврска во буџетот за тековната година врз основа на договор, се врши со склучување на договор и преддоговор за отпочнување на услугата или набавката на стоката за почетокот на реализацијата на проектот или програмата.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, преземањето на обврска во буџетот за тековната година, може да се врши и откако започнала реализацијата на проектот или програмата, доколку е со склучување договор за кофинансирање на проект или програма кофинансирана од фондови на ЕУ или други донатори.

(4) Во случај на преземање на обврска во буџетот по основ на тужба, која резултира со парична казна, договорна казна и/или каков било надоместок што треба да се плати, истата треба да се евидентира како претходна обврска и да се обезбеди и евидентира соодветна резервација на средства во буџетот.

Член 3

(1) Пред преземање на обврска во буџетот се проверува расположливоста на средства во рамките на буџетската апропријација од важечкиот буџет (во натамошниот текст: расположиви средства), од страна на буџетскиот корисник.

(2) Расположиви средства за предодобрување се средствата во рамките на буџетската апропријација, кои сè уште не се потрошени, резервирани или претходно резервирани, а се доволни за пријавување на предобврската.

(3) Во случај на недоволна расположивост на средства, истите се обезбедуват со:

-прераспределба на средства, до степен што се во надлежност на буџетскиот корисник,

-со доставување на барање до Министерството за финансии или до организационата единица за финансиски услуги на општината, за прераспределување на буџетски апропријации или

-со вршење на промена на предвиденото време за спроведување на договорот, планот за плаќање и распоредот за плаќање.

(4) Проверката на достапноста на средствата од став (1) на овој член се врши во Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии (во понатамошниот текст: ИИСУЈФ), со користење на Образецот за финансиски елементи на обврска ( во понатамошниот текст: Образец за ФЕО).

Член 4

(1) Пред преземање на повеќегодишна обврска во буџетот се проверува расположливоста на средствата за целото предвидено времетраење на обврската. Расположивоста на средства во буџетот се проверува односно потврдува со добивање на Изјава за достапноста на правата за трошење за тој период при што треба да се опфати вкупната вредност на договорот и индикативен распоред по години за плаќања.

(2) Проверката односно потврдувањето за расположливоста на средствата од ставот (1) на овој член, се врши за тековната буџетска година, како и за сите следни буџетски години.

(3) Изјавата за достапност на правата за трошење со која се потврдува расположливоста на средствата од ставот( 1) на овој член се обезбедува преку ИИСУЈФ во вид на Образец за ФЕО.

(4) Во случај на јавна набавка, пред отпочнувањето на набавката, од страна на буџетскиот корисник се проверува расположливоста на средствата, се обезбедува Изјавата за достапност на правата за трошење во буџетот и се врши резервација на средства за проценетата обврска.

(5) Проверката и обезбедувањето на Изјавата за достапност на правата за трошење од став (4) на овој член и резервацијата на средства за трошење се врши во тековниот буџет и по потреба во буџетите на следните години.

(6) Образецот ФЕО од став (3) на овој член, кој ја опфаќа вкупната вредност на договорот и индикативниот распоред по години за плаќање, поднесен од буџетскиот корисник, претставува:

- потврда за расположливост на правата за трошење во буџетот што претставува составен дел на документацијата за јавна набавка и

- основа за евидентирање на предобврската, односно резервирање на средства за проценетата обврска, во ИИСУЈФ.

(7) Доколку во било која фаза по започнувањето на процесот за јавна набавка, до склучување на договорот за јавна набавка, се утврди дека вредноста на договорот ќе ја надмине првично проценетата вредност, веднаш повторно се проверува расположливоста на средствата, при што се доставува изменето барање и се добива нова Изјава за достапност на правата со која се потврдува расположливоста на средствата за трошење во буџетот, со што истовремено изменетата соодветна предобврска се евидентира во ИИСУЈФ.

(8) Во случај кога повеќе буџетски корисници обезбедуваат средства за одреден проект или активност и склучуваат единствен мултилатерален договор, еден од буџетските корисници вклучени во мултилатералниот договор (во натамошниот текст: договорниот орган) ја врши проверката на расположливоста на средствата кај сите буџетски корисници пред преземањето на обврската или отпочнувањето на постапката за јавна набавка.

(9) Договорниот орган од став (8 ) на овој член, во име на сите буџетски корисници кои учествуваат во набавката:

- обезбедува Изјава за достапност на правата, за трошење во случај на склучување договор/склучување на обврска која бара плаќање во следните години, или

- обезбедува Изјава за достапност на правата со која се потврдува расположливоста на средствата за трошење во буџетот, како задолжителен составен дел на документацијата за јавна набавка, во случај на едногодишна јавна набавка.

(10) Врз основа на внесениот образец ФЕО во ИИСУЈФ од договорниот орган, се проверува и потврдува расположливоста на средствата кај секој учесник буџетски корисник до неговиот дел на учеството и во зависност од потребата, се добива Изјава за достапност на правата согласно ставот (9) на овој член. Истовремено, во зависност од потребата се евидентира соодветната претходна обврска за секој учесник буџетски корисник во ИИСУЈФ поединечно, за што буџетскиот корисник добива соодветно известување.

(11) Образецот ФЕО кој договорниот орган го поднесува како заедничко барање на заеднички кумулативен образец ФЕО, ги содржи сите релевантни податоци во врска со предвидениот заеднички договор, што ја опфаќа вкупната вредност на договорот и индикативниот распоред за плаќање по години, како и сите потребните податоци поврзани со секој од буџетските корисници-учесници.

(12) Договорниот орган преку ИИСУЈФ добива потврден кумулативен образец ФЕО, кој претставува Изјава за достапност на правата за трошење за заедничкиот договор или Изјава за достапност на правата со која се потврдува расположливоста на средствата за трошење во буџетот, кој ќе биде составен дел на документацијата за јавна набавка.

(13) Податоците од заедничкиот кумулативен образец ФЕО од став (12) на овој член , соодветно се евидентираат во ИИСУЈФ за секој учесник буџетски корисник, вклучително и договорниот орган. Секој од буџетските корисници учесници се известува со доставување поединечен образец на ФЕО, кој ги содржи податоците поврзани со неговиот дел како и соодветната резервација на средства и евидентираната претходна обврска.

Член 5

(1) Преземените обврски во буџетот се евидентираат во ИИСУЈФ од страна на буџетскиот корисник во рок од пет работни дена по склучувањето на договорот, издавањето на правен акт или превземањето на обврската.

(2) Рокот за евидентирање на договор од став (1) на овој член се применува и кога буџетски корисник склучил мултилатерален договор, при што буџетскиот корисник го евидентира својот дел во висина на учеството во вкупната вредност на договорот.

(3) Следењето на спроведувањето на преземената обврска во буџетот се врши од страна на буџетскиот корисник кој особено ги следи променливите услови кои можат да влијаат врз нивните финансиски елементи.

(4) Во случај на настанати промени, кои се предвидени со самиот договор или поединечните правни акти, а кои првенствено влијаат на распоредот за плаќање во договорениот период за спроведување на договорот или поединечните правни акти, буџетскиот корисник веднаш врши промена во евиденцијата на обврските.

(5) Во случај на настанати промени, кои бараат измена или дополнување на договорот или поединечниот правен акт и/или кои, покрај распоредот на плаќања, влијаат врз други финансиски елементи на истите, како што се вкупната вредност, буџетските резервации и други средства што треба да се резервираат, буџетскиот корисник веднаш ги евидентира промените во распоредот на плаќања во ИИСУЈФ пред склучување на изменетиот/дополнетиот договор или поединечниот правен акт.

(6) Во случај на промени кои резултираат со предвремено раскинување на договорот или престанок на важење на поединечните правни акти, буџетскиот корисник го регистрира договорот или поединечниот правен акт како предвремено раскинат, односно престанат и ја затвора соодветната обврска во ИИСУЈФ.

7) Секое дополнување, измена, или предвремено раскинување, односно престанување на договор или поединечниот правен акт се врши од страна на буџетскиот корисник со употреба на Образецот ФЕО, кон кој се приложува дополнетиот или изменетиот договор или поединечен правен акт.

Член 6

Преземената обврска се затвора од страна на буџетскиот корисник кога е извршен договорот или поединечниот правен акт, односно сите стоки се испорачани и/или се извршени услуги, и се извршени плаќања по целокупната документација поврзана со договорот или поединечниот правен акт.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 09-11903/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

---

**4771.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ОРГАНИЗАЦИСКАТА КЛАСИФИКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува организациска класификација.

Член 2

Организациската класификација на буџетските корисници од член 1 на овој правилник е класификација на матичен буџетски корисник, раздел и буџетски корисник за да се утврдат надлежностите на субјектите за планирање и управување со јавните средства и вработените заради постигнување на зацртаните цели.

Член 3

Организациската класификација од член 2 на овој правилник е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 09-13548/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

Прилог

| ОРГАНИЗАЦИСКА КЛАСИФИКАЦИЈА | |
|---|---|
| | **Назив** |
| 1 | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| 2 | СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| 3 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| 4 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА |
| 5 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ |
| 6 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| 7 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ |
| 8 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА |
| 9 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА |
| 10 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ |
| 11 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД |
| 12 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ |
| 13 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО |
| 14 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО |
| 15 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА |
| 16 | МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ |
| 17 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА |
| 18 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ |
| 19 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА |
| 20 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА |
| 21 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ |
| 22 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ |
| 23 | МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ |
| 24 | ОБВИНИТЕЛСТВО |
| 25 | СУДСТВО |
| 26 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА |
| 27 | НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ |

**4772.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРОГРАМСКА КЛАСИФИКАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува програмската класификација.

Член 2

Програмската класификација опфаќа поделба на буџетот на политики, програми, потпрограми и проекти или активности дефинирани со планските документи, истовремено групирајќи ги заедно сите јавни услуги и активности со заедничка цел и исход низ организационата структура.

Член 3

Програмската класификација се состои од следните компоненти:

1. Политика е област на дејствување и претставува група на програми со заеднички општи среднорочни или долгорочни цели;

2. Програма е потесна област во рамки на политиката, која ги следи заедничките специфични среднорочни цели. Една програма може да има една или повеќе потпрограми;

3. Потпрограма е подетално разработен дел од програма со краткорочни до среднорочни цели и се состои од проекти и /или активности;

4. Проект е збир на меѓусебно поврзани задачи со јасно дефинирани цели што треба да се извршат во одреден период и во рамки на планираните расходи и други одливи. Проект за јавна инвестиција е планирање, дефинирање, буџетирање, склучување договори, следење и завршување на инвестициите во јавна економска и општествена инфраструктура, кои во текот на инвестирање или оперативно користење се финансира или кофинансира од јавни приходи и други приливи, сопствени приходи на јавните субјекти, средства добиени од буџетот на Европска Унија или други развојни партнери, вклучувајќи и задолжувања или за кои ќе се бара издавање на гаранција во согласност со законот со кој се уредува јавниот долг, и

5. Активност е збир на меѓусебно поврзани задачи со јасно дефинирани цели и не може да се дефинира како проект.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува 01 јануари 2026 година.

Бр. 08-13549/1
30 декември 2024 година — Министер за финансии,
Скопје — м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

---

**4773.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА БУЏЕТСКА КЛАСИФИКАЦИЈА ПО ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува буџетската класификација по извори на финансирање.

Член 2

Буџетската класификација по извори на финансирање ги класифицира приходите и другите приливи во групи во однос на конкретните видови и намени на расходите и на другите одливи.

Член 3

Изворите на финансирање од член 2 на овој правилник се класифицирани во следните класи и групи:

| Реден број | КЛАСА | Ознака | ГРУПА |
|---|---|---|---|
| 01 | Централна власт | 10 | Основен буџет 630 и 631 |
| | | 11 | Основен буџет 631 |
| | | 12 | Основен буџет 637 |
| | | 13 | Основен буџет 603 |
| | | 20 | Задолжување во земјата 786 |
| | | 21 | Задолжување во странство 786 |
| | | 30 | Донации во земјата 785 |
| | | 31 | Странски донации 785 |
| | | 40 | Самофинансирање 787 |
| | | 41 | Универзитети 788 |
| | | 50 | Депозитни сметки 696 |
| | | 60 | Друго 789 |
| | | 61 | Друго 889 |
| | | 62 | Друго |
| 02 | Социјални фондови | 10 | Основен буџет 660 |
| | | 14 | Основен буџет 661 |
| | | 15 | Основен буџет 662 |
| | | 20 | Задолжување во земјата 786 |
| | | 21 | Задолжување во странство 786 |
| | | 30 | Донации во земјата 785 |
| | | 31 | Странски донации 785 |
| | | 50 | Депозитни сметки 696 |
| | | 60 | Друго 789 |
| | | 61 | Друго 889 |
| | | 62 | Друго |
| 03 | Општини | 10 | Основен буџет 630 |
| | | 12 | Основен буџет 637 |
| | | 13 | Основен буџет 603 |
| | | 20 | Задолжување во земјата 786 |
| | | 21 | Задолжување во странство 786 |
| | | 30 | Донации во земјата 785 |
| | | 31 | Странски донации 785 |
| | | 40 | Самофинансирање 787 |
| | | 50 | Депозитни сметки 696 |
| | | 60 | Друго 789 |
| | | 61 | Друго 889 |
| | | 62 | Друго |
| | | 70 | Самопридонес на општините (784) |
| | | 80 | Дотации 930 |
| | | 81 | Дотации 937 |
| | | 82 | Дотации 903 |

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 01 јануари 2026 година.

Бр. 08-13550/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

---

**4774.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФУНКЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува функционалната класификација.

Член 2

(1) Функционалната класификација ги класифицира расходите и другите одливи на Буџетот според нивните функционални општи и конкретни цели за кои се наменети, согласно со прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации (во натамошниот текст „КОФОГ класификација“).

(2) КОФОГ е хиерархиска класификација на три нивоа: области, групи и класи.

Член 3

(1) Функционалните области се класифицираат на двоцифрени ставки во 10 области:

01 Општи јавни услуги;
02 Одбрана;
03 Јавен ред и мир;
04 Економски работи;
05 Заштита на животната средина;
06 Домување и инфраструктура на заедницата;
07 Здравство (се користат 4 од 6 групи);
08 Рекреација, култура и религија;
09 Образование и
10 Социјална заштита.

(2) Групите се делови во рамките на функционалните области кои користат едноцифрена ставка.

(3) Класа е најниско ниво на функционалната класификација.

Член 4

Функционалната класификација, од член 3 на овој правилник е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 08-13577/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

**Прилог**

# Функционална класификација

# 01. ОПШТИ ЈАВНИ УСЛУГИ

## 01.1 ИЗВРШНИ И ЗАКОНОДАВНИ ОРГАНИ, ФИНАНСИСКИ И ФИСКАЛНИ РАБОТИ, НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

### 01.11 ИЗВРШНИ И ЗАКОНОДАВНИ ОРГАНИ (КУ)

Администрација, работа или поддршка на извршни и законодавни органи.

Вклучува:

- канцеларија на извршното раководство на сите нивоа на власт – канцеларија на монарх, генерален гувернер, претседател, премиер, гувернер, градоначалник, итн.;
- законодавни тела на сите нивоа на власт, парламенти, дом на пратеници, сенати, собранија, градски совети, итн.;
- советодавен, административен и политички персонал поврзан со главните извршни и законодавни органи;
- библиотеки и други референтни услуги кои главно им служат на извршните и на законодавните органи;
- материјални бенефиции кои се обезбедуваат за извршното и законодавното раководство и нивните помошници;
- постојани или ад хок комисии и комитети кои се формирани од извршното раководство или законодавните органи или пак кои дејствуваат во нивно име.

Не вклучува:

- министерски кабинети, канцеларии на раководителите на секторите на локалната власт, меѓусекторски комисии, итн. кои обавуваат одредена функција (класифицирани според функцијата).

### 01.12 ФИНАНСИСКИ И ФИСКАЛНИ РАБОТИ (КУ)

Администрација на финансиски и фискални работи и услуги; управување со јавни средства и јавен долг; функционирање на даночни планови; работење на трезорот или министерството за финансии, секторот за буџет, Управата за јавни приходи, Царинската управа, службите за сметководство и ревизија; изготвување и ширење на општи информации, техничка документација и статистика за финансиски и фискални работи и услуги.

Вклучува:

- финансиски и фискални работи и услуги на сите нивоа на власт.

Не вклучува:

- трошоци за преземање ризик или варијабилни трошоци и отплата на камата на државни заеми (01.70);
- супервизија на банкарски сектор (04.11).

### 01.13 НАДВОРЕШНИ РАБОТИ (КУ)

Администрација на надворешни работи и услуги; работа на министерството за надворешни работи, дипломатски и конзуларни претставништва стационирани во странство или во канцеларии на меѓународни организации; работа или поддршка на информативни и културни центри надвор од границите на државата; работа или поддршка на библиотеки, читални и слични установи во странство; редовна претплата и посебни придонеси за покривање на општите оперативни

трошоци на меѓународните организации.

Не вклучува:

- економска помош за земјите во развој и земјите во транзиција (01.21);
- мисии за економска помош акредитирани во странски држави (01.21);
- придонеси на програми за помош кои ги спроведуваат меѓународни или регионални организации (01.22);
- воени единици стационирани во странство (02.10);
- воена помош за земји во странство (02.30); општи надворешни економски и комерцијални работи (04.11);
- работи и услуги во туризмот (04.73).

## 01.2 СТРАНСКА ЕКОНОМСКА ПОМОШ

### 01.21 ЕКОНОМСКА ПОМОШ НА ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ И ЗЕМЈИТЕ ВО ТРАНЗИЦИЈА (КУ)

Администрација на економската соработка со земјите во развој и земјите во транзиција; функционирање на мисиите за економска помош акредитирани во странски држави; спроведување или поддршка на програми за техничка помош, програми за обука и планови за стипендии; економска помош во форма на грантови (парична или непарична) или заеми (без оглед на пресметаната камата).

Не вклучува:

- придонеси за фондови за економски развој водени од меѓународни или регионални организации (01.22);
- воена помош за земји во странство (02.30).

### 01.22 ЕКОНОМСКА ПОМОШ ПРЕКУ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ (КУ)

Администрација на економска помош преку меѓународни организации; парични или непарични придонеси за фондови за економски развој водени од меѓународни, регионални или други мултинационални организации.

Не вклучува: помош на меѓународни мировни мисии (02.30).

## 01.3 ОПШТИ УСЛУГИ

**Оваа група опфаќа услуги кои не се поврзани со одредена функција, а кои обично ги обавуваат главните канцеларии на различни нивоа на власт. Тука спаѓаат и оние услуги кои се поврзани со одредена функција која се спроведува од тие главни канцеларии. На пример, тука се опфатени и собирањето статистика за индустријата, животната средина, здравството или образованието од страна на Централниот завод за статистика.**

### 01.31 ОПШТИ КАДРОВСКИ УСЛУГИ (КУ)

Администрација и работење на општи кадровски служби, вклучувајќи изготвување и спроведување на општи кадровски политики и процедури кои опфаќаат методи на селекција, унапредување и рангирање, опис, евалуација и класификација на работни места, спроведување на прописите со кои се уредува државната администрација и слично.

Не вклучува: кадровска администрација и услуги поврзани со конкретна функција (класифицирани според функцијата).

### 01.32 УСЛУГИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И СТАТИСТИКА (КУ)

Администрација и функционирање на сите услуги за економско и социјално планирање и на сите статистички услуги, вклучувајќи изготвување, координација и следење на сите економски и социјални планови и програми и на сите статистички планови и програми.

Не вклучува: услуги за економско и социјално планирање и статистички услуги поврзани со конкретна функција (класифицирани според функцијата).

### 01.33 ОСТАНАТИ ОПШТИ УСЛУГИ (КУ)

Администрација и работа на останати општи услуги како што се услуги за централизирана набавка, одржување и чување на државната евиденција и архива, функционирање на згради во сопственост на државата или кои ги користи државата, централен возен парк, државни печатници, централизирани компјутерски услуги и обработка на податоци, итн.

Не вклучува: други општи услуги кои се однесуваат конкретна функција (класифицирани според функцијата).

## 01.4 ОСНОВНО ИСТРАЖУВАЊЕ

**Основно истражување е експериментална или теоретска работа која се презема првенствено за стекнување нови знаења за основите на појавите или видливите факти, без да постои некаков план за примена или употреба.**

### 01.40 ОСНОВНО ИСТРАЖУВАЊЕ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е основно истражување; грантови, заеми или субвенции за поддршка на основното истражување кое го спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: применето истражување и експериментален развој (класифицирани по функција).

## 01.5 ОПШТИ ЈАВНИ УСЛУГИ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

**Применето истражување е првичното испитување кое се спроведува за да се стекне ново знаење, но кое пред се е насочено кон конкретна практична цел.**

**Експериментален развој е систематска работа, која се заснова на постоечкото знаење добиено преку истражување и практично искуство кое е насочено кон производство на нови материјали, производи и направи; воспоставување на нови процеси, системи и услуги; или значително подобрување на оние кои се веќе произведени или воспоставени.**

### 01.50 ОПШТИ ЈАВНИ УСЛУГИ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со општите јавни услуги; грантови, заеми и субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со општите јавни услуги, кои ги спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 01.6 ДРУГИ ОПШТИ ЈАВНИ УСЛУГИ

### 01.60 ДРУГИ ОПШТИ ЈАВНИ УСЛУГИ (КУ)

Администрација, работа и поддршка на општите јавни услуги, како што се, регистрирање на гласачи, одржување на избори и референдуми, управување со територии кои немаат самоуправа и територии под административна власт, итн.

Вклучува: општи јавни услуги кои не можат да бидат класифицирани во (01.1), (01.2), (01.3), (01.4) или (01.5).

Не вклучува:

- трансакции на јавен долг (01.7);
- трансфери од општ карактер помеѓу различни нивоа на власт (01.8).

### 01.70 ТРАНСАКЦИИ НА ЈАВЕН ДОЛГ (КУ)

Каматни плаќања и трошоци за преземање ризик и државни заеми со варијабилни каматни стапки.

Не вклучува: административни трошоци за управување со јавниот долг (01.12).

## 01.8 ТРАНСФЕРИ ОД ОПШТ КАРАКТЕР ПОМЕЃУ РАЗЛИЧНИ НИВОА НА ВЛАСТ

***На ниво на општа власт, сите износи треба да бидат консолидирани, што значи дека вкупните расходи на општата власт во оваа група треба да бидат еднакви на нула.***

***За консолидирање на трансфери во D.7 и D.9, на кои не може да им се додели функција, оваа група треба да се користи како приоритетна.***

### 01.80 ТРАНСФЕРИ ОД ОПШТ КАРАКТЕР ПОМЕЃУ РАЗЛИЧНИ НИВОА НА ВЛАСТ (КУ)

Трансфери помеѓу различни нивоа на власт кои се од општ карактер и не се доделени на одредена функција.

# 02 ОДБРАНА

## 02.8 ВОЕНА ОДБРАНА

### 02.10 ВОЕНА ОДБРАНА (КУ)

Администрација на работење и услуги на воената одбрана; работење на одбранбените сили на копно, море и во воздух; функционирање на инженерски, транспортни, комуникациски, разузнавачки, кадровски и други неборбени одбранбени сили; работа или поддршка на резервните и помошните сили на одбраната.

Вклучува:

- канцеларии на воени аташеа стационирани во странство;
- мобилни болници.

Не вклучува:

- мисии за воена помош (02.30);
- болници во воена база (07.3);
- воени училишта и факултети каде што наставната програма наликува на таа во цивилни институции, иако присуството може да е ограничено само на воен персонал и нивните семејства (09.1), (09.2), (09.3) или (09.4);
- планови за пензии за воен персонал (10.2).

## 02.9 ЦИВИЛНА ОДБРАНА

### 02.20 ЦИВИЛНА ОДБРАНА (КУ)

Администрација на работење и услуги на цивилната одбрана; изготвување на планови за непредвидени ситуации; организирање вежби во кое се вклучуваат цивилни институции и цивилно население; работа или поддршка на силите за цивилна одбрана.

Не вклучува:

- услуги за цивилна заштита (03.20);
- набавка и складирање на храна, опрема и други залихи за итни потреби во случај на мирнодопски катастрофи (10.90).

## 02.10 ВОЕНА ПОМОШ ВО СТРАНСТВО

### 02.30 ВОЕНА ПОМОШ ВО СТРАНСТВО (КУ)

Администрација на воена помош и операции на мисии за воена помош акредитирани кај странски држави или поврзани со меѓународни воени организации или сојузи; воена помош во вид на грантови (парична или непарична), заеми (независно од пресметаната камата) или заеми за опрема; придонеси во меѓународни мировни сили вклучувајќи и учество со човечка сила.

## 02.11 ОДБРАНА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).

### 02.40 ОДБРАНА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со одбраната; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со одбраната, а кои ги спроведуваат невладини органи како што се институти за истражување и универзитети.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 02.12 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ОДБРАНАТА

### 02.50 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ОДБРАНАТА (КУ)

Администрација, работа или поддршка на активности како што се изготвување, администрација, координирање и следење на севкупните политики, планови, програми и буџети во областа на одбраната; изготвување и спроведување на закони во одбраната; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за одбраната; итн.

Вклучува: работи и услуги во одбраната кои не може да бидат класифицирани во (02.1), (02.2), (02.3) или (02.4).

Не вклучува: администрација на активностите на воените ветерани (10.2).

# 03 ЈАВЕН РЕД И МИР

## 0.31 УСЛУГИ КОИ ГИ ПРУЖА ПОЛИЦИЈАТА

### 03.10 УСЛУГИ КОИ ГИ ПРУЖА ПОЛИЦИЈАТА (КУ)

Администрација на работењето и услугите на полицијата, вклучувајќи регистрирање на странски државјани, издавање на документи за работа и патни документи на имигранти, водење евиденција за апсења и статистика поврзана со работата на полицијата, регулирање и контрола на патниот сообраќај, спречување на криумчарење и контрола на крајбрежен риболов и риболов во океаните; работа на редовни и резервни полициски сили, на пристанишна, гранична и крајбрежна стража и на други специјални полициски сили под надлежност на јавните власти; работење на полициски лаборатории; работа или поддршка на програми за обука на полицијата.

Вклучува: сообраќајна полиција.

Не вклучува: полициски академии кои покрај полициската обука нудат и општо образование (09.1), (09.2), (09.3) или (09.4).

## 0.32 УСЛУГИ НА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

### 03.20 УСЛУГИ НА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КУ)

Администрација на работата и услугите за спречување пожари и гаснење пожари; работа на редовни и помошни противпожарни бригади и други служби за спречување и гаснење пожари под надлежност на јавни власти; работа или поддршка на програми за обука за спречување и гаснење пожари.

Вклучува: услуги за цивилна заштита како што се спасување на планина, набљудување на плажа, евакуација од поплавени подрачја, итн.

Не вклучува:
- цивилна одбрана (02.20);
- сили кои се посебно обучени и опремени за гаснење или спречување на шумски пожари (04.22).

## 0.33 ПРАВОСУДСТВО

### 03.30 ПРАВОСУДСТВО (КУ)

Администрација, работење или поддршка на граѓанските или кривичните судови и правосудниот систем, вклучувајќи наплаќање на казни и правосилни решенија изречени од судовите и работа на системите за условно пуштање на слобода и пробација; правно застапување и советодавни услуги во име на државата или во име на други, кои ги обезбедува државата во паричен износ или како услуги.

Вклучува: управни судови, народен правобранител и слично.

Не вклучува: затворска администрација (03.40).

## 0.34 ЗАТВОРИ

### 03.40 ЗАТВОРИ (КУ)

Администрација, работење или поддршка на затвори и други места за притвор или рехабилитација на затвореници како што се затворски фарми, работилници, центри и училишта за малолетни деликвенти, сместување на душевно болни затвореници, итн.

## 0.35 ЈАВЕН РЕД И МИР – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).

### 03.50 ЈАВЕН РЕД И МИР – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој во областа на јавниот ред и мир; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој во областа на јавниот ред и мир кои ги спроведуваат невладини органи како што се институти за истражување и универзитети.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 0.36 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР

### 03.60 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР (КУ)

Администрација, работа или поддршка на активности како што се изготвување, администрација, координирање и следење на севкупните политики, планови, програми и буџети во областа на јавниот ред и мир; изготвување и спроведување на закони и стандарди за обезбедување на јавен ред и мир; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за јавниот ред и мир.

Вклучува: активности и услуги на јавниот ред и мир кои не може да бидат класифицирани во (03.1), (03.2), (03.3), (03.4) или (03.5).

# 0.4 ЕКОНОМСКИ РАБОТИ

# 0.41 ОПШТИ ЕКОНОМСКИ, КОМЕРЦИЈАЛНИ И РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО ТРУДОТ

## 04.11 ОПШТИ ЕКОНОМСКИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ РАБОТИ (КУ)

Администрација на општи економски и комерцијални работи и услуги, вклучувајќи општи надворешни комерцијални работи; изготвување и спроведување на општи економски и комерцијални политики; врски помеѓу различни гранки на државата како и помеѓу државата и стопанството; регулирање или поддршка на општите економски и комерцијални активности како што се целиот извоз и увоз, пазарот на стоки и капитал, севкупната контрола на приходите, активности за промоција на трговијата, општо регулирање на монополите и други ограничувања на трговијата и влез на пазарот, итн.; супервизија на банкарскиот сектор; работа или поддршка на институциите кои се занимаваат со патенти, заштитни знаци, авторски права, регистрација на претпријатија, временска прогноза, стандарди, хидролошки истражувања, геодетски истражувања, итн.; грантови, заеми или субвенции за промовирање на општите економски и комерцијални политики и програми.

Вклучува: едукација и заштита на потрошувачите.

Не вклучува: економски и комерцијални работи на одредена индустрија (класифицирани од (04.2) до (04.7) како што одговара).

## 04.12 ОПШТИ РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО ТРУДОТ (КУ)

Администрација на општи работи и услуги поврзани со трудот; изготвување и спроведување на општи политики за труд; надзор и регулирање на условите за работа (работно време, плати, безбедност, итн.); врска помеѓу различни гранки на државата и помеѓу државата и сите индустриски, бизнис и работнички организации; функционирање или поддршка на општите програми или планови за подобрување на мобилноста на работната сила, намалување на полова, расна, старосна и друга дискриминација, намалување на стапката на невработеност во сиромашни или неразвиени региони, промовирање на вработувањето на хендикепирани лица или на други групи каде што е присутна висока стапка на невработеност, итн.; функционирање на размена на работна сила; работа или поддршка на услуги за арбитража и посредување; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за општите работи и услуги поврзани со трудот; грантови, заеми или субвенции за промовирање на општите политики и програми поврзани со трудот.

Не вклучува:

- активности поврзани со трудот во одредена дејност (класифицирани од (04.2) до (04.7) кога е потребно);
- обезбедување социјална заштита во вид на парична или непарична помош за невработени лица (10.50).

# 0.42 ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО, ЛОВ И РИБОЛОВ

## 04.21 ЗЕМЈОДЕЛСТВО (КУ)

Администрација на работи и услуги во областа на земјоделството; конзервација, мелиорација или проширување на обработливо земјиште; аграрна реформа и уредување на земјиштето; надзор и регулирање на земјоделскиот сектор; изградба или работа на системи за контрола на поплави, наводнување и одводнување, вклучувајќи грантови, заеми или субвенции за таквите активности; работа или поддршка на програми или проекти за стабилизирање или подобрување на цените и приходите на фармите; работа или поддршка на услуги за унапредување на земјоделството или ветеринарни услуги за земјоделци, услуги за заштита од штетници, услуги за испитување на земјоделски култури и услуги за сортирање на земјоделски култури; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за работите и услугите во областа на земјоделството; компензација, грантови, заеми или субвенции за земјоделците за земјоделски активности, вклучувајќи плаќања за ограничување или стимулирање на производство на одредена земјоделска култура или за давање дозвола да се остави земјиштето необработено.

Не вклучува: повеќенаменски развојни проекти (04.74).

### 04.22 ШУМАРСТВО (КУ)

Администрација на работи и услуги во областа на шумарството; конзервација, развој и рационализирана експлоатација на шумскиот фонд; надзор и регулирање на активностите во шумите и издавање на дозволи за сечење дрва; пошумување или поддршка на пошумувањето, заштита од болести и штетници, услуги за гаснење на шумски пожари и за спречување на пожари и услуги за унапредување на шумарството; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите во областа на шумарството; грантови, заеми или субвенции за поддршка на комерцијалните активности во шумарството.

Вклучува: дрво и други шумски култури.

### 04.23 ЛОВ И РИБОЛОВ (КУ)

Оваа класа ги опфаќа комерцијалниот лов и риболов и спортскиот лов и риболов. Долу споменатите работи и услуги поврзани со ловот и риболовот се однесуваат на активности кои се одвиваат надвор од национални паркови и резервати.

Администрација на активности и услуги во областа на ловот и риболовот; заштита, размножување и рационализирана експлоатација на рибите и дивите животни; надзор и регулирање на риболовот во слатки води, крајбрежен риболов, океански риболов, одгледување во рибници, ловење дивеч и издавање на дозволи за лов и риболов; работа или поддршка на мрестилишта за риби, услуги за унапредување на ловот и риболовот, активности на порибување или уништување, итн.; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите во ловот и риболовот; грантови, заеми или субвенции за поддршка на комерцијалниот лов и риболов, вклучувајќи изградба и функционирање на мрестилишта.

Не вклучува:

- контрола на морскиот и океанскиот риболов (03.10);
- администрација, работење или поддршка на национални паркови и резервати (05.40).

## 0.43 ГОРИВА И ЕНЕРГЕТИКА

### 04.31 ЈАГЛЕН И ДРУГИ ЦВРСТИ МИНЕРАЛНИ ГОРИВА (КУ)

Овде е опфатен јаглен од сите категории, лигнит и тресет, независно од методот кој се користи при нивниот ископ или преработка, како и конверзијата на овие горива во други форми, како што се кокс или гас.

Администрација на активности и услуги поврзани со цврсти минерални горива; конзервација, откривање, развој и рационализирана експлоатација на ресурси на цврсти минерални горива; надзор и регулирање на ископот, преработката, дистрибуцијата и користењето на цврстите минерални горива; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за работата и услугите поврзани со цврстите минерални горива; грантови, заеми или субвенции за поддршка на индустријата за цврсти минерални горива и кокс, брикети или производство на гас.

Не вклучува: активности поврзани со транспортот на цврсти минерални горива (класифицирани во соодветната класа во групата 04.5).

### 04.32 НАФТА И ПРИРОДЕН ГАС (КУ)

Оваа класа опфаќа природен гас, течни нафтени гасови и рафинериски гасови, нафта од бунари или други извори како што се шкрилци или катрански песок и дистрибуција на гас во урбана средина без оглед на неговиот состав.

Администрација на активности и услуги поврзани со нафта и природен гас; конзервација, откривање, развој и рационализирана експлоатација на ресурси на нафта и природен гас; надзор и регулирање на екстракцијата, преработката, дистрибуцијата и користењето на нафтата и природниот гас; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите во областа на нафтата и природниот гас; грантови, заеми или субвенции за поддршка на индустријата за екстракција на нафта и индустријата за рафинирање на сурова нафта и сродните течни и гасовити производи.

Не вклучува: активности поврзани со транспортот на нафта или природен гас (класифицирани во соодветната класа од групата 04.5).

### 04.33 НУКЛЕАРНО ГОРИВО (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со нуклеарно гориво; конзервација, откривање, развој и рационализирана експлоатација на нуклеарни материјали; надзор и регулирање на експлоатацијата и преработката на материјали на нуклеарното гориво и на производството, дистрибуцијата и користењето на елементи на нуклеарното гориво; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите поврзани со нуклеарното гориво; грантови, заеми или субвенции за поддршка на индустријата за експлоатација на нуклеарни материјали и индустриите за обработка на такви материјали.

Не вклучува:

- активности поврзани со транспортот на нуклеарно гориво (класифицирани во соодветната класа на групата 04.5);
- депонирање на радиоактивен отпад (05.10).

### 04.34 ДРУГИ ГОРИВА (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со горива како што се алкохол, дрва или дрвен отпад, биогас и други некомерцијални горива; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за достапноста, производството и користењето на таквите горива; грантови, заеми или субвенции за промовирање на користењето на такви горива за производство на енергија.

Не вклучува:

- управување со шуми (04.22);
- ветерна и соларна енергија (04.35) или (04.36);
- геотермални ресурси (04.36).

### 04.35 ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (КУ)

Оваа класа ги опфаќа традиционалните извори на електрична енергија како што се термоелектрани или хидроелектрани или поновите извори како што се ветерна енергија или соларна енергија.

Администрација на активности и услуги поврзани со електрична енергија, чување, развој и рационализирана експлоатација на снабдувањето со електрична енергија; надзор и регулирање на генерирањето, пренесувањето и дистрибуирањето на електричната енергија; изградба или работа на системи за снабдување со електрична енергија кои не се претпријатија; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активности и услуги поврзани со електричната енергија; грантови, заеми или субвенции за поддршка на индустријата за снабдување со електрична енергија, вклучувајќи вложување во изградба на брани и други активности наменети главно за обезбедување на електрична енергија.

Не вклучува: не електрична енергија произведена од ветер или сончева топлина (04.36).

### 04.36 НЕ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со не електричната енергија кои главно се однесуваат на производство, дистрибуција и користење на топлина во форма на пареа, топла вода или топол воздух; изградба или работа на системи за снабдување со не електрична енергија кои не се претпријатија; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за расположливоста, производството и користењето на не електричната енергија; грантови, заеми или субвенции за промовирање на користењето на не електричната енергија.

Не вклучува: геотермални ресурси; неелектрична енергија произведена од ветер или сончева топлина.

## 0.44 РУДАРСТВО, ПРОИЗВОДСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО

### 04.41 ИСКОПУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИ РЕСУРСИ СО ИСКЛУЧОК НА МИНЕРАЛНИ ГОРИВА (КУ)

Оваа класа опфаќа минерали кои содржат метал, песок, глина, камен, хемиски минерали и

минерали на ѓубриво, сол, скапоцени камења, азбест, гипс, итн.

Администрација на активности и услуги поврзани со рударство и минерални ресурси; конзервација, откривање, развој и рационализирана експлоатација на минералните ресурси; надзор и регулирање на истражување, ископување, маркетинг и други аспекти на производство на минерали; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите во областа на рударството и минералните ресурси; грантови, заеми или субвенции за поддршка на комерцијални активности во рударството.

Вклучува: издавање на дозволи и закупи, регулирање на стапките на производство, инспекција на рудниците заради почитување на прописите за безбедност, итн.

Не вклучува:
- јаглен и други цврсти горива (04.31),
- нафта и природен гас (04.32) и материјали за нуклеарно гориво (04.33).

### 04.42 ПРОИЗВОДСТВО (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со производството; развој, проширување или унапредување на производството; надзор и регулирање на воспоставувањето и работењето на производни капацитети; соработка со здруженија на производители и други организации заинтересирани за активности и услуги во областа на производството; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за производствени активности и готови производи; грантови, заеми или субвенции за поддршка на производствени претпријатија.

Вклучува: инспекција на производствени капацитети заради почитување на прописите за безбедност, заштита на потрошувачите од опасни производи, итн.

Не вклучува:
- активности и услуги кои се однесуваат на индустријата за преработка на јаглен (04.31),
- нафтена индустрија (04.32) или индустрија за нуклеарно гориво (04.33).

### 04.43 ГРАДЕЖНИШТВО (КУ)

Администрација на активности и услуги од областа на градежништвото; надзор на градежната индустрија; изготвување и регулирање на стандардите за градење; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите во градежништвото.

Вклучува: издавање на дозволи за вселување, инспекција на градилишта заради проверка на почитувањето на прописите за безбедност, итн.

Не вклучува:
- грантови, заеми или субвенции за изградба на станбени објекти, индустриски објекти, улици, јавни комунални објекти, објекти од областа на културата, итн. (класифицирани според функцијата);
- изработка и регулирање на стандарди за домување (06.10).

## 0.45 ТРАНСПОРТ

### 04.51 КОПНЕН ТРАНСПОРТ (КУ)

Администрација на активности и услуги кои се однесуваат на работа, користење, изградба и одржување на системи и објекти за копнен транспорт (патишта, мостови, тунели, паркинзи, автобуски терминали, итн.); контрола и регулирање на корисниците на патиштата (издавање сообраќајни и возачки дозволи, проверка на безбедноста на возилата, спецификации на големина и капацитетот за патнички и товарен копнен транспорт, регулирање на бројот на работни часови на возачите на автобуси и камиони, итн.), активности на системот за копнен транспорт (издавање франшизи, одобрувања на тарифи за товар и цени на билети во патнички сообраќај, часови и фреквенција на услугата, итн.) како и изградба и одржување на патишта; изградба или функционирање на системи и објекти за копнен транспорт кои не се претпријатија; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за функционирањето на системот за копнен транспорт и за активностите за изградба на патишта; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата,

одржувањето или надградба на системите и објектите за копнен транспорт.

Вклучува: автопати, патишта во урбани средини, улици, велосипедски патеки и патеки за пешаци.

Не вклучува:
- контрола на патен сообраќај (03.10);
- грантови, заеми и субвенции за производители на патнички возила (04.42);
- чистење на улици (05.10);
- изградба на насипи за заштита од бучава, живи огради и други објекти за заштита од бучава, вклучувајќи повторно асфалтирање на делници во урбани средини со површини кои ја намалуваат бучавата (05.30);
- улично осветлување (06.40).

### 04.52 ВОДЕН ТРАНСПОРТ (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со работење, користење, изградба и одржување на водни транспортни системи и објекти во внатрешноста, на крајбрежјето и во океаните (пристаништа, средства и опрема за навигација, канали, мостови, тунели, бранобрани, гатови терминали, итн.); контрола и регулирање на корисниците на водниот транспорт (регистрација, издавање дозволи и инспекција на пловни објекти и екипаж, прописи во врска со безбедност на патници и сигурност на товар, итн.), функционирање на системот за воден транспорт (доделување франшизи, одобрувања на тарифи за товар и цени на билети во патнички сообраќај, часови и фреквенција на услугата, итн.) и изградба и одржување на објекти за воден транспорт; изградба или функционирање на системи и објекти за воден транспорт кои не се претпријатија (како што се траекти); подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за функционирањето на системот за воден транспорт и за активностите за изградба на објекти за воден транспорт; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата, одржувањето или надградбата на системите и објектите за воден транспорт.

Вклучува: уреди за радио и сателитска навигација; услуги за спасување и влечење.

Не вклучува: грантови, зами и субвенции за бродоградители (04.42).

### 04.53 ЖЕЛЕЗНИЧКИ ТРАНСПОРТ (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со работење, користење, изградба и одржување на системи и објекти за железнички транспорт (колосеци, терминали, тунели, мостови, насипи, ископи итн.); контрола и регулирање на корисниците на железницата (состојба на железнички возен парк, стабилност на долен строј на колосек, безбедност на патници, сигурност на товар, итн.), функционирање на системот за железнички транспорт (доделување франшизи, одобрувања на тарифи за товар и цени на билети во патнички сообраќај, часови и фреквенција на услугата, итн.) и изградба и одржување на железници; изградба или функционирање на системи и објекти за железнички транспорт кои не се претпријатија; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за функционирањето на системот за железнички транспорт и активности за изградба на железница; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата, одржувањето или надградбата на системите и објектите за железнички транспорт.

Вклучува: меѓународни и меѓуградски системи за железнички транспорт, системи за брз градски транзитен железнички транспорт и системи за уличен железнички транспорт; набавка и одржување на железнички возен парк.

Не вклучува:
- грантови, заеми и субвенции за производители на железнички возен парк (04.42);
- изградба на насипи, живи огради и други објекти за заштита од бучава, вклучувајќи покривање на делови од железницата со површини кои ја намалуваат бучавата (05.30).

### 04.54 ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со работење, користење, изградба и одржување на системи и објекти за воздушен транспорт (аеродроми, писти, терминали, хангари, уреди и опрема за навигација, уреди за контрола на летање, итн.); контрола и регулирање на корисниците на воздушниот транспорт (регистрација, издавање дозволи и инспекција на воздухоплови, пилоти, екипаж, технички персонал на аеродромот, прописи за безбедност на патници, истражување на авионски несреќи, итн.), функционирање на системите за воздушен транспорт (доделување на летови, одобрувања на тарифи за товар и цени на билети

во патнички сообраќај, часови и фреквенција на услугата, итн.) и изградба и одржување на објекти за воздушен транспорт; изградба или функционирање на јавни услуги и објекти за воздушен транспорт кои не се претпријатија; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за функционирањето на системот за воздушен транспорт и за изградба на објекти за воздушен транспорт; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата, одржувањето или надградбата на системите и објектите за воздушен транспорт.

Вклучува: уреди за радио и сателитска навигација; услуги за спасување; редовни и вонредни услуги за транспорт на патници и товар; регулирање и контрола на летање на приватни летови.

Не вклучува: грантови, заеми и субвенции за производители на авиони (04.42).

### 04.55 ГАСОВОД И ДРУГ ВИД НА ТРАНСПОРТ (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со работење, користење, изградба и одржување на гасоводи и други системи за транспорт (фуникулари, гондоли, жичници, итн.); контрола и регулирање на корисниците на гасовод и други системи за транспорт (регистрација, издавање дозволи, инспекција на опрема, вештини на операторите и нивна обука, стандарди за безбедност, итн.); работа на гасовод и други системи за транспорт (доделување на франшизи, одредување на тарифи, фреквенција и нивоа на услуги, итн.) и изградба и одржување на гасовод и други системи за транспорт; изградба или функционирање на гасовод и други системи за транспорт кои не се претпријатија; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за работењето и изградбата на гасовод и други системи за транспорт; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата, одржувањето или надградбата на гасоводот и другите системи за транспорт.

## 0.46 КОМУНИКАЦИЈА

### 04.60 КОМУНИКАЦИЈА (КУ)

Администрација на активности и услуги кои се однесуваат на изградба, проширување, подобрување, работење и одржување на системи за комуникација (поштенски, телефонски, телеграфски, безжични и сателитски комуникациски системи); регулирање на работењето на системите за комуникација (доделување франшизи; доделување фреквенции, спецификација на пазари кои треба да се опслужуваат и тарифи кои треба да се наплатат, итн.); подготовка и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите од областа на комуникацијата; грантови, заеми или субвенции за поддршка на изградбата, работењето, одржувањето или надградбата на комуникациските системи.

Не вклучува:
- уреди за радио и сателитска навигација за воден транспорт (04.52) и воздушен транспорт (04.54);
- системи за емитување преку радио и телевизија (08.30).

## 0.47 ОСТАНАТИ ИНДУСТРИИ

### 04.71 ДИСТРИБУЦИЈА, СКЛАДИШТА И МАГАЦИНИ (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со дистрибуција, складишта и магацини; надзор и регулирање на трговијата на големо и мало (издавање дозволи, трговски практики, етикети на пакувана храна и други призводи наменети за домашна потрошувачка, проверка на ваги и други уреди за мерење, итн.) и на секторот за складишта и магацини (вклучувајќи издавање дозволи и контрола на царински магацини, итн.); администрација на контрола на цени и планови за рационирање преку трговци на мало и големо, независно од видот на опфатена стока или потрошувачот за кого е наменета; администрација и обезбедување храна и останати слични субвенции за пошироката јавност; изготвување и давање информации до трговците и до јавноста за цените, достапноста на производите и за другите аспекти на секторот за дистрибуција, складишта и магацини; собирање податоци и објавување на статистика за секторот за дистрибуција, складишта и магацини; грантови, заеми или субвенции за поддршка на секторот за дистрибуција, складишта и магацини.

Не вклучува: администрација на цени и друга контрола која се однесува на производителите

(класифицирани според функција); храна и други слични субвенции кои се однесуваат на одредени групи на население или поединци (10.).

### 04.72 ХОТЕЛИ И РЕСТОРАНИ (КУ)

Администрација на активности и услуги поврзани со изградба, проширување, подобрување, работење и одржување на хотели и ресторани; надзор и регулирање на работењето на хотели и ресторани (прописи кои ги регулираат цените, чистотата и начинот на продажба, издавање дозволи за хотели и ресторани, итн.); изготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за работењето и услугите на хотелите и ресторантите; грантови, заеми или субвенции за поддршка на изградбата, работењето, одржувањето и подобрувањето на хотелите и ресторантите.

### 04.73 ТУРИЗАМ (КУ)

Администрација на активности и услуги во областа на туризмот; промоција и развој на туризмот; поврзување со секторот за транспорт, хотели и ресторани како и други дејности кои имаат придобивки од присуството на туристи; работа на туристички информативни центри во земјата и во странство, итн.; организирање на рекламни кампањи, вклучувајќи изготвување и дистрибуирање на промотивна литература и слично; собирање и објавување статистички податоци за туризмот.

### 04.74 ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ РАЗВОЈНИ ПРОЕКТИ (КУ)

Повеќенаменските развојни проекти обично се состојат од интегрирани капацитети за генерирање енергија, заштита од поплави, наводнување, навигација и рекреација.

Администрација на активности и услуги поврзани со изградба, проширување, подобрување, работење и одржување на повеќенаменски проекти; изготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите на повеќенаменските проекти; грантови, заеми или субвенции за поддршка на изградба, работење, одржување и надградба на повеќенаменските развојни проекти.

Не вклучува: проекти со една главна функција и други функции кои се споредни (класифицирани според главната функција).

## 0.48 ЕКОНОМСКИ РАБОТИ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

**Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).**

### 04.81 ОПШТИ ЕКОНОМСКИ, КОМЕРЦИЈАЛНИ И РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО ТРУДОТ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој кои се однесуваат на општи економски, комерцијални и работи поврзани со трудот; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој кои се однесуваат на општи економски, комерцијални и работи поврзани со трудот кои ги спроведуваат невладини органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

### 04.82 ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО, ЛОВ И РИБОЛОВ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (К

Администрација и работа на државните агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со земјоделство, шумарство, лов и риболов; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со земјоделството, шумарството, ловот и риболовот, а кои ги спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

### 04.83 ГОРИВА И ЕНЕРГЕТИКА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државните агенции чија дејност е применето истражување и

експериментален развој поврзани со горива и енергетика; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со горивата и енергетиката, а кои ги спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување(01.40).

### 04.84 РУДАРСТВО, ПРОИЗВОДСТВО И ГРАДЕЖНИШТВО – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државните агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со рударство, производство и градежништво; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со рударството, производството и градежништвото, а кои ги спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување(01.40).

### 04.85 ТРАНСПОРТ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државните агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој во областа на транспортот; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со транспортот, а кои ги спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

### 04.86 КОМУНИКАЦИЈА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државните агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со комуникација; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со комуникацијата, а кои ги спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

### 04.87 ОСТАНАТИ ИНДУСТРИИ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државните агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со други сектори; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со други сектори, а кои ги спроведуваат невладините органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Вклучува: дистрибуција, складишта и магацини; хотели и ресторани; туризам и повеќенаменски развојни проекти.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 0.49 ДРУГИ ЕКОНОМСКИ РАБОТИ

### 04.90 ДРУГИ ЕКОНОМСКИ РАБОТИ (КУ)

Администрација, работа или придружни активности кои се однесуваат на општи и секторски економски работи кои не може да бидат вклучени во (04.1), (04.2), (04.3), (04.4), (04с.5), (04.6), (04.7) или (04.8).

# 0.5 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Поделбата на заштитата на животната средина е направена врз основа на Класификацијата на активностите за заштита на животната средина (КАТЗЖС), која што е обработена во Европскиот систем за прибирање економски информации за животната средина на Канцеларијата за статистика на Европската Унија (Евростат).**

## 0.51 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**Во оваа група се опфатени собирањето, преработката и депонирањето на отпадот. Собирањето на отпадот опфаќа метење улици, плоштади, патеки, пазари, јавни градини, паркови, итн.; собирање на сите видови на отпад, без оглед дали се селектира по вид на производ или не се селектира и ги опфаќа сите видови на отпад, како и транспортот до местото за негова преработка или отстранување. Преработката на отпадот опфаќа било каков метод или процес кој се користи за промена на физичката, хемиската или биолошката форма или состав на отпадот, со цел да се неутрализира, да не биде опасен, да биде безбеден за транспорт, да биде погоден за рециклирање, складирање или да се намали во обем. Депонирањето на отпадот е последното фрлање на отпадот, за кој не е предвидена понатамошна употреба, на депонии, на заштитени места, во земја, во море или било каков друг вид на релевантен метод на депонирање на отпадот.**

### 05.10 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД (КУ)

Администрација, надзор, инспекција, работење или поддршка на системите за собирање, преработка и депонирање на отпадот; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата, одржувањето и надградбата на таквите системи.

Вклучува: собирање, третман и отстранување на нуклеарен отпад.

## 0.52 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ

**Оваа група го опфаќа работењето на канализационият систем и третманот на отпадните води. Работењето на канализациониот систем вклучува управување и изградба на систем на колектори, цевководи, канали и пумпи за отстранување на отпадните води (дождовница, отпадни води од домаќинството и останати отпадни води) од местото на создавање до пречистителна станица или до место каде што отпадните води се испуштаат во површинските води.**

**Третманот на отпадните води вклучува механички, биолошки или друг напреден процес за да се исполнат прифатливите стандарди за животна средина или други стандарди за квалитет.**

### 05.20 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ (КУ)

Администрација, надзор, инспекција, работење или поддршка на канализационите системи и третманот на отпадните води; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата, одржувањето и надградбата на таквите системи.

## 0.53 НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО

**Оваа група опфаќа активности кои се однесуваат на заштита на амбиенталниот воздух и клима, заштита на почва и подземни води, намалување на бучава и вибрации и заштита од радијација.**

**Овие активности вклучуваат изградба, одржување и работење на мониторинг системи и станици (освен метеоролошки станици); изградба на насипи за заштита од бучава, живи огради и други објекти против бучава вклучувајќи и обновување на одредени делници од автопати или железнички пруги кои минуваат низ градови со површини за намалување на бучавата; мерки за чистење на загадените води; мерки за контрола или спречување на емисии на гасови кои создаваат ефект на стаклена градина и загадувачи кои негативно влијаат на квалитетот на воздухот; изградба, одржување или работење на инсталации за деконтаминација на загадена почва и за складирање на загадувачи; транспорт на загадувачи.**

### 05.30 НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО (КУ)

Администрација, надзор, инспекција, работење или поддршка на активности поврзани со намалување и контрола на загадувањето; грантови, заеми или субвенции за поддршка на активности поврзани со намалување и контрола на загадувањето.

## 0.54 ЗАШТИТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТ И ПЕЈСАЖ

**Оваа група опфаќа активности кои се однесуваат на заштита на флората и фауната (вклучувајќи повторно обновување на изумрените видови и спасување на видовите на кои им се заканува опасност од изумирање), заштита на живеалишта (вклучувајќи управување со национални паркови и резервати) и заштита на пејсажите заради нивната естетска вредност (вклучувајќи повторно обликување на оштетени пејсажи со цел зајакнување на нивната естетската вредност како и рехабилитација на напуштени рудници и каменоломи).**

### 05.40 ЗАШТИТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТ И ПЕЈСАЖ (КУ)

Администрација, надзор, инспекција, работење или поддршка на активности поврзани со заштитата на биодиверзитетот и пејсажот; грантови, заеми или субвенции за поддршка на активности поврзани со заштитата на биодиверзитетот и пејсажот.

## 0.55 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

**Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).**

### 05.50 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој кои се однесуваат на заштита на животната средина; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој кои се однесуваат на животната средина, а ги спроведуваат невладини органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 0.56 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### 05.60 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (КУ)

Администрација, управување, регулирање, надзор, работа и поддршка на активности како што се изготвување, администрација, координирање и следење на севкупните политики, планови, програми и буџети за промовирање на заштитата на животната средина; изготвување и спроведување на закони и стандарди за обезбедување услуги за заштита на животната средина; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за заштитата на животната средина.

Вклучува: активности и услуги за заштита на животната средина кои не може да бидат класифицирани во (05.1), (05.2), (05.3), (05.4) или (05.5).

# 0.6 ДОМУВАЊЕ И ИНФРАСТРУКТУРА НА ЗАЕДНИЦАТА

## 0.61 РАЗВОЈ НА ДОМУВАЊЕТО

### 06.10 РАЗВОЈ НА ДОМУВАЊЕТО (КУ)

Администрација на работи и услуги поврзани со развој на домувањето; промовирање, следење и оценување на активностите за развој на домувањето, независно од тоа дали активностите се под надлежност на јавните власти или не се; изготвување и регулирање на стандарди за домување; расчистување на сиромашни квартови заради обезбедување на простор за домување; набавка на земја потребна за изградба на живеалишта; изградба или купување и реновирање на станбени објекти за целото население или за лица со посебни потреби; изготвување и давање јавни информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите во областа на развојот на домувањето; грантови, заеми или

субвенции за поддршка на проширувањето, подобрувањето или одржувањето на станбените објекти.

Не вклучува:

- изработка и регулирање на градежни стандарди (04.43);
- парична или непарична помош за домаќинства за плаќање на трошоците за домување (10.60).

## 0.62 РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА

### 06.20 РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА (КУ)

Администрација на работи и услуги поврзани со развој на заедницата; администрација на законите за зони, користење на земјиште и градежни прописи; планирање на нови заедници или обновени заедници; планирање на подобрување и унапредување на објекти како што се објекти за домување, индустриски објекти, јавни комунални услуги, здравство, образование, култура, рекреација, итн. за заедниците; подготовка на планови за финансирање на планираните подобрувања; изготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за активностите и услугите во доменот на развој на заедницата.

Не вклучува:

- спроведување на планови, односно изградба на станбени објекти, индустриски објекти, улици, комунална инфраструктура, објекти од областа на културата, итн. (класифицирани според функцијата); аграрна реформа и преселба на земјиште (04.21);
- администрација на градежни стандарди (04.43) и стандарди за домување (06.10).

## 0.63 ВОДОСНАБДУВАЊЕ

### 06.30 ВОДОСНАБДУВАЊЕ (КУ)

Администрација на активности поврзани со водоснабдувањето; проценка на идните потреби и утврдување на расположливоста според таквата проценка; надзор и регулирање на сите аспекти на снабдување со вода за пиење, вклучувајќи контрола на чистотата, цената и количините на вода; изградба или работа на системи за водоснабдување кои не се претпријатија; изготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за работите и услугите во делот на водоснабдувањето; грантови, заеми или субвенции за поддршка на работењето, изградбата, одржувањето или надградбата на системите за водоснабдување.

Не вклучува:

- системи за наводнување (04.21);
- повеќенаменски проекти (04.74);
- собирање и третирање на отпадни води (05.20).

## 0.64 УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

### 06.40 УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ (КУ)

Администрација на работите поврзани со уличното осветлување; изготвување и регулирање на стандарди за улично осветлување; инсталирање, работа, одржување, надградба, итн. на уличното осветлување.

Не вклучува: активности и услуги за осветлување поврзани со изградба и функционирање на автопати (04.51).

## 0.65 ДОМУВАЊЕ И ИНФРАСТРУКТУРА НА ЗАЕДНИЦАТА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

**Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).**

### 06.50 ДОМУВАЊЕ И ИНФРАСТРУКТУРА НА ЗАЕДНИЦАТА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој кои се однесуваат на домување и инфраструктура на заедницата; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој кои се однесуваат на домувањето и инфраструктурата на заедницата, а кои ги спроведуваат невладини органи како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува:

- основно истражување (01.40);
- применето истражување и експериментален развој за методите на изградба или материјалите кои се користат (04.84).

## 0.66 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ДОМУВАЊЕТО И ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ЗАЕДНИЦАТА

### 06.60 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ДОМУВАЊЕТО И ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ЗАЕДНИЦАТА (КУ)

Администрација, работа или поддршка на активности како што се изготвување, администрација, координирање и следење на севкупните политики, планови, програми и буџети поврзани со домување и инфраструктура на заедницата; изготвување и спроведување на закони и стандарди поврзани со домувањето и инфраструктурата на заедницата; изготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за домувањето и инфраструктурата на заедницата.

Вклучува: администрација, работа или придружни активности поврзани со домувањето и инфраструктурата на заедницата кои не може да бидат класифицирани во (06.1), (06.2), (06.3), (06.4) или (06.5).

# 0.7 ЗДРАВСТВО

**Државните расходи во областа на здравството вклучуваат расходи за услуги кои се обезбедуваат за поединци и услуги кои се обезбедуваат на колективна основа. Расходите за индивидуални услуги се класифицирани во групите од (07.1) до (07.4); расходите за колективни услуги се класифицирани во групите (07.5) и (07.6). Колективните здравствени услуги се однесуваат на прашања како што се дефинирање и спроведување на државна политика; утврдување и спроведување на стандарди за лекари и помошен медицински персонал и за болници, клиники, здравствени ординации, итн.; регулирање и издавање дозволи за даватели на здравствени услуги; и применето истражување и експериментален развој во областа на медицината и здравството. Меѓутоа, индиректните трошоци кои се однесуваат на администрацијата или функционирањето на група болници, клиники, здравствени ординации, итн. се сметаат за индивидуални расходи и се класифицираат во групите од (07.1) до (07.4) како што одговара.**

## 07.1 МЕДИЦИНСКИ ПРОИЗВОДИ, АПАРАТИ И ОПРЕМА

**Оваа група опфаќа лекови, протези, медицински апарати и опрема, како и други производи од областа на здравството наменети за поединци или домаќинства, кои се издаваат на рецепт или без рецепт, обично од фармацевти или добавувачи на медицинска опрема. Тие се наменети за користење надвор од здравствените установи или институции. Ваквите производи кои се обезбедуваат директно на пациенти во амбуланти од страна на доктори, стоматолози или помошен персонал или на пациенти во болници и слично се вклучени во амбулантски услуги (07.2) или болнички услуги (07.3).**

### 07.11 ФАРМАЦЕВТСКИ ПРОИЗВОДИ (ИУ)

Обезбедување на фармацевтски производи како што се медицински препарати, лекови со рецепт и без рецепт, серуми и вакцини, витамини и минерали, рибини масла, орални

контрацептивни средства; администрација, работа или поддршка на обезбедување фармацевтски производи.

### 07.12 ОСТАНАТИ МЕДИЦИНСКИ ПРОИЗВОДИ (ИУ)

Обезбедување на медицински производи како што се клинички термометри, лепливи и не лепливи завои, хиподермични шприцеви, прибори за прва помош, термофори и ќеси со мраз, медицински помагала за компресија како што се еластични чорапи и штитници за колена, тестови за бременост, кондоми и други механички средства за контрацепција; администрација, работа или поддршка на обезбедување на останати препишани медицински производи.

### 07.13 ТЕРАПЕВТСКИ ПОМАГАЛА И ОПРЕМА (ИУ)

Обезбедување на терапевтски помагала и опрема како што се корективни очила и контактни леќи, слушни апарати, стаклени очи, вештачки екстремитети и други протетски помагала, ортопедски протези и помагала, ортопедски обувки, хируршки појаси и помагала, шанцови кравати, медицинска опрема за масажа и лампи, електрични и механички инвалидски колички, „специјални” кревети, штаки, електронски и други апарати за мерење на крвен притисок, итн.; администрација, работа или поддршка на обезбедување на препишани терапевтски помагала и опрема.

Вклучува:
- забни протези, но не и трошоци за нивно местење;
- поправка на терапевтски помагала и опрема.

Не вклучува: изнајмување на терапевтска опрема (07.24).

## 07.2 АМБУЛАНТСКИ УСЛУГИ

**Оваа група опфаќа медицински, стоматолошки и помошни медицински услуги кои им се пружаат на пациенти од страна на лекари, стоматолози и помошен персонал. Услугите може да се пружаат дома, во индивидуални или групни советувалишта, диспанзери или амбуланти и слично. Амбулантските услуги вклучуваат помошен медицински персонал, лекови, протези, медицински помагала и опрема како и други производи поврзани со здравството кои им се обезбедуваат директно на пациентите од страна на лекари, стоматолози и помошен медицински персонал. Медицинските, стоматолошките и помошните медицински услуги кои им се пружаат на хоспитализираните пациенти и слично се вклучени во болнички услуги (07.3).**

### 07.21 ОПШТИ МЕДИЦИНСКИ УСЛУГИ (ИУ)

Оваа класа ги опфаќа услугите кои ги пружаат општите здравствени клиники и општите лекари. Општите здравствени клиники се дефинирани како институции кои главно обезбедуваат амбулантски услуги што не се ограничени на определена специјалност во медицината и кои главно се пружаат од страна на квалификувани лекари. Општите лекари не се специјализирани во определена област од медицината.

Обезбедување општи медицински услуги; администрација, инспекција, работа или поддршка на општите медицински услуги кои се обезбедуваат од страна на општите здравствени клиники и општите лекари.

Не вклучува: услуги на лаборатории за медицински анализи и центри за рентген (07.24).

### 07.22 СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ МЕДИЦИНСКИ УСЛУГИ (ИУ)

Оваа класа ги опфаќа услугите кои ги пружаат специјалистичките здравствени клиники и лекарите специјалисти. Специјалистичките здравствени клиники и лекарите специјалисти се разликуваат од општите здравствени клиники и општите лекари по тоа што нивните услуги се ограничени на лекување на определена состојба, болест, медицинска постапка или тип на пациент.

Обезбедување на специјалистички медицински услуги; администрација, инспекција, работа или поддршка на специјалистичките медицински услуги кои се обезбедуваат од страна на специјалистички здравствени клиники и лекари специјалисти.

Вклучува: услуги на специјалисти по ортодонција.

Не вклучува:
- стоматолошки клиники и стоматолози (07.23);
- услуги на лаборатории за медицински анализи и центри за рентген (07.24).

### 07.23 СТОМАТОЛОШКИ УСЛУГИ (ИУ)

Оваа класа опфаќа услуги на општи и специјалистички стоматолошки клиники и стоматолози, орални хигиеничари или друг помошен стоматолошки персонал. Стоматолошките клиники обезбедуваат амбулантски услуги. Не мора да имаат вработено стоматолози или да бидат под надзор на стоматолози; може да имаат вработено орални хигиеничари или помошен стоматолошки персонал или да бидат под нивен надзор.

Обезбедување на амбулантски стоматолошки услуги; администрација, инспекција, работа или поддршка на стоматолошки услуги кои се обезбедуваат од страна на општи или специјалистички стоматолошки клиники и стоматолози, орални хигиеничари или друг помошен стоматолошки персонал.

Вклучува: трошоци за местење на забни протези.

Не вклучува:
- забни протези (07.13);
- услуги на специјалисти по ортодонција (07.22);
- услуги на лаборатории за медицински анализи и центри за рентген (07.24).

### 07.24 ПАРАМЕДИЦИНСКИ УСЛУГИ (ИУ)

Обезбедување на амбулантски парамедицински здравствени услуги; администрација, инспекција, работа или поддршка на здравствени услуги кои ги пружаат клиниките под надзор на медицински сестри, акушери, физиотерапевти, професионални терапевти, логопеди или друг парамедицински персонал, како и здравствени услуги кои ги пружаат медицински сестри, акушери и парамедицински персонал во нивни простории, домови на пациентите или други институции кои не се дел од здравствениот систем.

Вклучува:
- специјалисти за акупунктура, кирпопрактичари, кироподисти, оптометристи, лица кои се бават со традиционална медицина, итн.;
- лаборатории за медицински анализи и центри за рендген;
- изнајмување на терапевтска опрема;
- медицински препишана терапија со корективна гимнастика;
- термални бањи или третмани со морска вода;
- услуги за брза помош со исклучок на услуги за брза помош кои ги вршат болниците.

Не вклучува:
- лаборатории за јавни здравствени услуги (07.40);
- лаборатории за утврдување на причини за некоја болест (07.50).

## 07.3 БОЛНИЧКИ УСЛУГИ

**Хоспитализација се дефинира како појава кога пациентот е сместен во болница за време на лекувањето. Вклучени се и болничка дневна нега и болничко лекување во домашни услови, како и грижа за неизлечиво болни луѓе.**

**Оваа група ги опфаќа услугите на општи и специјалистички болници, услуги на медицински центри, породилни центри, домови за стари лица и центри за рехабилитација кои главно обезбедуваат болнички услуги, услуги на болници во воени бази, услуги на институции кои им помагаат на стари луѓе каде што е неопходен медицински надзор и услуги на центри за рехабилитација кои пружаат болничка нега и терапија за рехабилитација со цел лекување на пациентот, а не долготрајна поддршка.**

**Болниците се дефинираат како институции кои пружаат болничка грижа под директен надзор на квалификувани лекари. Медицинските центри, породилните центри, домовите за стари лица и центрите за рехабилитација исто така пружаат болничка грижа, но нивните услуги ги контролира, а често и ги извршува персонал со пониски квалификации од лекарите.**

**Во оваа група не се опфатени објектите како што се теренски воени болници (02.1), ординации, клиники и диспанзери кои се исклучиво наменети за амбулантски услуги, (07.2), институции за лица со посебни потреби и центри за рехабилитација кои пред се пружаат долготрајна поддршка (10.12) и пензионерски домови за стари лица (10.20). Исто така не ги опфаќа плаќањата на пациенти за загуба на приход поради хоспитализација (10.11).**

**Во болничките услуги се опфатени лекови, протези, медицински помагала и опрема како и други производи од областа на здравството кои се обезбедуваат за пациентите во болница. Исто така тука се вклучени и не медицинските трошоци на болниците за администрација, немедицински персонал, храна и пијалаци, сместување (вклучувајќи и сместување за вработените), итн.**

### 07.31 ОПШТИ БОЛНИЧКИ УСЛУГИ (ИУ)

Обезбедување на општи болнички услуги; администрација, инспекција, работа или поддршка на болници кои не ги ограничуваат услугите кои ги пружаат на одредена медицинска специјалност.

Не вклучува: медицински центри кои не се под директен надзор на квалификуван лекар (07.33).

### 07.32 СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ БОЛНИЧКИ УСЛУГИ (ИУ)

Специјалистичките болници се разликуваат од општите болници по тоа што нивните услуги се ограничени на лекување на определена состојба, болест или тип на пациент, на пример, болести на градниот кош и туберкулоза, лепра, рак, оториноларингологија, психијатрија, акушерство, педијатрија, итн.

Обезбедување на специјалистички болнички услуги; администрација, инспекција, работа или поддршка на болници кои ги ограничуваат своите услуги на одредена специјалност во медицината.

Не вклучува: породилни центри кои не се под директен надзор на квалификуван лекар (07.33).

### 07.33 УСЛУГИ НА МЕДИЦИНСКИ И ПОРОДИЛНИ ЦЕНТРИ (ИУ)

Обезбедување услуги на медицински и породилни центри; администрација, инспекција, работа или поддршка на медицински и породилни центри.

### 07.34 УСЛУГИ НА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА И ЦЕНТРИ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА (ИУ)

Домовите за стари лица и центрите за рехабилитација обезбедуваат услуги на лица кои се опоравуваат од операција или од истоштеност како последица на болест или состојба што главно бара следење и давање на лекови, физиотерапија и вежбање за да се надомести губењето на функции или заради одмор.

Обезбедување на услуги на домови за стари лица и центри за рехабилитација; администрација, инспекција, работа или поддршка на услугите на домовите за стари лица и центрите за рехабилитација.

Вклучува:
- институции кои пружаат помош на стари лица каде што медицинскиот надзор е од суштинско значење;
- центри за рехабилитација кои пружаат болничка здравствена заштита и терапија за рехабилитација со цел лекување на пациентот, а не долготрајна поддршка.

## 07.4 ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

### 07.40 ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ (ИУ)

Обезбедување на здравствени услуги од јавни здравствени установи; администрација, инспекција, работа или поддршка на здравствени услуги од јавни здравствени установи како што се функционирање на банките на крв (собирање, обработка, чување, транспорт), откривање на болест (рак, туберкулоза, венерични болести), превенција (имунизација, вакцинирање), следење (исхрана на доенчиња, здравје на деца), собирање на епидемиолошки податоци, услуги за планирање на семејство, итн.; изготвување и давање информации за прашања од областа на јавното здравство.

Вклучува:

- здравствени услуги од јавни здравствени установи кои ги пружаат специјални тимови за група корисници, од кои повеќето се во добра здравствена состојба, на работни места, во училишта или на други слични места;
- здравствени услуги од јавни здравствени установи кои не се поврзани со болница, клиника или лекари;
- здравствени услуги од јавни здравствени установи кои не ги пружаат квалификувани лекари;
- лаборатории за услуги од јавни здравствени установи.

Не вклучува:
- лаборатории за медицински анализи (07.24);
- лаборатории за утврдување на причини за некоја болест (07.50).

## 07.5 ЗДРАВСТВО – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

**Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).**

### 07.50 ЗДРАВСТВО – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со областа здравство; грантови, заеми или субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со здравството, а кои ги спроведуваат невладини органи, како што се институтите за истражување и универзитетите.

Вклучува: лаборатории за утврдување на причини за некоја

болест.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 07.6 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ЗДРАВСТВОТО

### 07.60 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ЗДРАВСТВОТО (КУ)

Администрација, работа или поддршка на активности како што се изготвување, администрација, координирање и следење а севкупните здравствени политики, планови, програми и буџети; изготвување и спроведување на закони и стандарди за обезбедување здравствени услуги, вклучувајќи издавање дозволи на здравствени установи, на лекари и на помошен медицински персонал; подготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за здравството.

Вклучува: активности и услуги во здравството кои не може да бидат класифицирани во (07.1), (07.2), (07.3), (07.4) или (07.5).

# 08 РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА

**Државните расходи за рекреација, култура и религија вклучуваат расходи за услуги кои се обезбедуваат за поединци и домаќинства и расходи за услуги кои се обезбедуваат на колективна основа. Расходите за поединци се класифицирани во групите (08.1) и (08.2); расходите за колективни услуги се класифицирани во групите од (08.3) до (08.6). Колективните услуги се обезбедуваат на заедницата како целина. Тие вклучуваат активности како што се дефинирање и спроведување на државна политика; утврдување и спроведување на закони и стандарди за обезбедување на рекреативни и културни услуги; како и применето истражување и експериментален развој за рекреативни, културни и религиозни работи и услуги.**

## 08.1 СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИ УСЛУГИ

### 08.10 СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИ УСЛУГИ (ИУ)

Обезбедување на спортски и рекреативни услуги; администрација на спортски и рекреативни активности; надзор и регулирање на спортски објекти; работа или поддршка на објекти за активни спортски активности или настани (фудбалски терени, тениски терени, терени за сквош, патеки за трчање, терени за голф, боксерски рингови, лизгалишта, фискултурни сали, итн.); работа или поддршка на објекти за пасивни спортски активности или настани (главно специјално опремени простории за играње карти, друштвени игри, итн.); работа или поддршка на објекти за рекреативни активности (паркови, плажи, кампови и слични места за сместување кои се опремени на некомерцијална основа, базени, јавни бањи, итн.); грантови, заеми или субвенции за поддршка на тимови или индивидуални натпреварувачи или играчи.

Вклучува: објекти за сместување на публика; национална, регионална или локална репрезентација на спортски настани.

Не вклучува:
- зоолошки или ботанички градини, аквариуми, арборетуми и слични институции (08.20);
- спортски и рекреативни објекти поврзани со образовни институции (класифицирани во соодветната класа од Областа 09.).

## 08.2 УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

### 08.20 УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА (IS)

Обезбедување услуги од областа на културата; администрација на активности од областа на културата; надзор и регулирање на објекти од областа на културата; работа или поддршка на објекти за организирање на културни активности (библиотеки, музеи, уметнички галерии, театри, изложбени простори, споменици, историски куќи и локалитети, зоолошки и ботанички градини, аквариуми, арборетуми, итн.); организирање, работа или поддршка на културни настани (концерти, театарски и филмски продукции, ликовни изложби, итн.); грантови, заеми или субвенции за поддршка на индивидуални уметници, писатели, дизајнери, композитори и други кои работат во областа на уметноста или на организации кои работат на промовирање на културни активности.

Вклучува: национални, регионални или локални прослави доколку нивната главна цел не е привлекување туристи.

Не вклучува:
- културни настани за претставување надвор од границите на државата (01.13);
- национални, регионални или локални прослави чија главна цел е привлекување на туристи (04.73);
- продукција на содржини од областа на културата наменети за дистрибуција преку емитување (08.30).

## 08.3 УСЛУГИ ЗА ЕМИТУВАЊЕ ПРОГРАМА И ИЗДАВАШТВО

### 08.30 УСЛУГИ ЗА ЕМИТУВАЊЕ ПРОГРАМА И ИЗДАВАШТВО (КУ)

Администрација на активности поврзани со емитување на програма и издаваштво; надзор и регулирање на услуги за емитување на програма и издаваштво; работа или поддршка на услуги за емитување на програма и издаваштво; грантови, заеми или субвенции за поддршка на: изградба или стекнување на објекти за емитување на радио или телевизиски програми; изградба или стекнување на погони, опрема или материјали за печатење весници, списанија или книги; изготвување на материјал и презентирање преку емитување програми; прибирање новости или други информации; дистрибуција на објавени дела.

Не вклучува:
- државни печатници и погони (01.33);
- образование на јавноста преку радио и телевизиски програми (09.).

## 08.4 ВЕРСКИ И ОСТАНАТИ УСЛУГИ НА ЗАЕДНИЦАТА

### 08.40 ВЕРСКИ И ОСТАНАТИ УСЛУГИ НА ЗАЕДНИЦАТА (КУ)

Администрација на верски и останати активности на заедницата; обезбедување на објекти за верски и останати услуги на заедницата, вклучувајќи поддршка за нивното работење, одржување и поправка; плаќање свештеници или други верски лица во религиозни институции; поддршка на одржување на верски служби; грантови, заеми или субвенции за поддршка на братски, граѓански, младински и социјални организации или синдикати и политички партии.

## 08.5 РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

**Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).**

### 08.50 РЕКРЕАЦИЈА, КУЛТУРА И РЕЛИГИЈА – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со рекреација, култура и религија; грантови, заеми и субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со рекреацијата, културата и религијата, кои ги спроведуваат невладини органи, како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 08.6 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА РЕКРЕАЦИЈАТА, КУЛТУРАТА И РЕЛИГИЈАТА

### 08.60 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА РЕКРЕАЦИЈАТА, КУЛТУРАТА И РЕЛИГИЈАТА (КУ)

Администрација, работа или поддршка на активности како што се изготвување, администрација, координирање и следење а севкупните политики, планови, програми и буџети за промовирање на спортот, рекреацијата, културата и религијата; изготвување и спроведување на закони и стандарди за обезбедување на рекреативни и културни услуги; изготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за рекреацијата, културата и религијата.

Вклучува: активности и услуги поврзани со рекреација, култура и религија кои не може да бидат класифицирани во (08.1), (08.2), (08.3), (08.4) или (08.5).

# 09 ОБРАЗОВАНИЕ

**Државните расходи за образование вклучуваат расходи за услуги кои се обезбедуваат на поединци - ученици и студенти и расходи за услуги кои се обезбедуваат на колективна основа. Расходите за поединци се класифицирани во групите од (09.1) до (09.6); расходите за колективни услуги се класифицирани во групите (09.7) и (09.8).**

**Колективните услуги во образованието опфаќаат прашања како што се дефинирање и спроведување на државна политика; поставување и спроведување на стандарди; регулирање, издавање дозволи и надзор на образовни установи; како и применето истражување и експериментален развој на работи и услуги во образованието. Меѓутоа, индиректните трошоци поврзани со администрацијата или функционирањето на група училишта, колеџи, итн. се водат како индивидуални расходи и се класифицирани во групите од (09.1) до (09.6).**

**Распределбата во образованието се заснова на категориите на нивоа дадени во Меѓународната стандардна класификација на образованието од 1997 година (МСКОБ-97) на**

**Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (УНЕСКО).**

**Оваа распределба вклучува воени училишта и колеџи каде што наставните програми наликуваат на оние во цивилните институции, полициски академии кои нудат општо образование покрај полициската обука и обезбедување на образование преку радио и телевизиски пренос. Расходите настанати на таков начин се класифицираат во групите од (09.1) до (09.5).**

## 09.1 ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### 09.11 ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ (ИУ)

Обезбедување на предучилишно образование, ниво 0 според МСКОБ-97; администрација, инспекција, работа или поддршка на училишта и други институции кои обезбедуваат предучилишно образование на ниво 0 според МСКОБ-97.

Не вклучува: помошни услуги во образованието (09.60).

### 09.12 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ИУ)

Обезбедување на основно образование, ниво 1 според МСКОБ-97; администрација, инспекција, работа или поддршка на училишта и други институции кои обезбедуваат основно образование на ниво 1 според МСКОБ-97.

Вклучува: програми за описменување на студенти кои се премногу

стари за основно училиште.

Не вклучува: помошни услуги во образованието (09.60).

## 09.2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

### 09.21 НИЖО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ИУ)

Обезбедување на нижо средно образование, ниво 2 според МСКОБ-97; администрација, инспекција, работа или поддршка на училишта и други институции кои обезбедуваат нижо средно образование на ниво 2 според МСКОБ-97; стипендии, грантови, заеми и надоместоци за поддршка на ученици во нижо средно образование на ниво 2 според МСКОБ-97.

Вклучува: вонредно нижо средно образование за возрасни и млади.

Не вклучува: помошни услуги во образованието (09.60).

### 09.22 ВИШО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ИУ)

Обезбедување на вишо средно образование, ниво 3 според МСКОБ-97; администрација, инспекција, работа или поддршка на училишта и други институции кои обезбедуваат вишо средно образование на ниво 3 според МСКОБ-97; стипендии, грантови, заеми и надоместоци за поддршка на ученици во вишо средно образование на ниво 3 според МСКОБ-97.

Вклучува: вонредно вишо средно образование за возрасни и млади.

Не вклучува: помошни услуги во образованието (09.60).

## 09.3 ПОСТСРЕДНО НЕ ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

### 09.30 ПОСТСРЕДНО НЕ ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ (ИУ)

Обезбедување на постсредно не високо образование, ниво 4 според МСКОБ-97; администрација, инспекција, работа или поддршка на институции кои обезбедуваат постсредно не високо образование на ниво 4 според МСКОБ-97; стипендии, грантови,

заеми и надоместоци за поддршка на ученици во постсредно не високо образование на ниво 4 според МСКОБ-97.

Вклучува: вонредно постсредно не високо образование за возрасни и млади.

Не вклучува: помошни услуги во образованието (09.60).

## 09.4 ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

### 09.41 ПРВ СТЕПЕН НА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ (ИУ)

Обезбедување на високо образование, ниво 5 според МСКОБ-97; администрација, инспекција, работа или поддршка на универзитети и други институции кои обезбедуваат високо образование на ниво 5 според МСКОБ-97; стипендии, грантови, заеми и надоместоци за поддршка на студенти запишани во високо образование на ниво 5 според МСКОБ-97.

Не вклучува: помошни услуги во образованието (09.60).

### 09.42 ВТОР СТЕПЕН НА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ (ИУ)

Обезбедување на високо образование, ниво 6 според МСКОБ-97; администрација, инспекција, работа или поддршка на универзитети и други институции кои обезбедуваат високо образование на ниво 6 според МСКОБ-97; стипендии, грантови, заеми и надоместоци за поддршка на студенти запишани во високо образование на ниво 6 според МСКОБ-97.

Не вклучува: помошни услуги во образованието (09.60).

## 09.5 ОБРАЗОВАНИЕ КОЕ НЕ Е ДЕФИНИРАНО СО НИВО

### 09.50 ОБРАЗОВАНИЕ КОЕ НЕ Е ДЕФИНИРАНО СО НИВО (ИУ)

Обезбедување на образование кое не е дефинирано со ниво (како што се образовни програми, главно за возрасни, за кои не е потребна претходна обука, посебно стручна обука и културен развој); администрација, инспекција, работа или поддршка на институции кои обезбедуваат образование кое не е дефинирано со ниво; стипендии, грантови, заеми и надоместоци за поддршка на студенти кои посетуваат образовни програми кои не се дефинирани со ниво.

## 09.6 ПОМОШНИ УСЛУГИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

### 09.60 ПОМОШНИ УСЛУГИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО (ИУ)

Обезбедување помошни услуги на образованието; администрација, инспекција, работа или поддршка на превоз, храна, сместување, медицинска и стоматолошка грижа и поврзани помошни услуги главно за студенти, независно од нивото.

Не вклучува:

- здравствени услуги за следење и превенција на училишта (07.40);
- парични стипендии, грантови, заеми и надоместоци за покривање на трошоците за помошни услуги (09.1), (09.2), (09.3), (09.4) или (09.5).

## 09.7 ОБРАЗОВАНИЕ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ

**Дефинициите за основно истражување, применето истражување и експериментален развој се дадени во (01.4) и (01.5).**

### 09.70 ОБРАЗОВАНИЕ – ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ (КУ)

Администрација и работа на државни агенции чија дејност е применето истражување и експериментален развој поврзани со образование; грантови, заеми и субвенции за поддршка на применетото истражување и експерименталниот развој поврзани со образованието, а кои

ги спроведуваат невладини органи, како што се институтите за истражување и универзитетите.

Не вклучува: основно истражување (01.40).

## 09.8 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

### 09.80 ДРУГИ ФУНКЦИИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО (КУ)

Администрација, работа или поддршка на активности како што се изготвување, администрација, координирање и следење а севкупните образовни политики, планови, програми и буџети; изготвување и спроведување на закони и стандарди за обезбедување на образование, вклучувајќи издавање дозволи на образовни установи; изготвување и давање општи информации, техничка документација и статистика за образование.

Вклучува: активности и услуги во образованието кои не може да бидат класифицирани во (09.1), (09.2), (09.3), (09.4), (09.5), (09.6) или (09.7).

# 10. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Државните расходи за социјална заштита вклучуваат расходи за услуги и трансфери кои се обезбедуваат на поединци и домаќинства и расходи за услуги кои се обезбедуваат на колективна основа. Расходите за услуги за поединци и трансфери се класифицирани во групите од (10.1) до (10.7); расходите за колективни услуги се класифицирани во групите (10.8) и (10.9).**

**Услугите за колективна социјална заштита ги опфаќаат прашањата како што се дефинирање и спроведување на државна политика; изготвување и спроведување на закони и стандарди за обезбедување социјална заштита; како и применето истражување и експериментален развој на активностите и услугите за социјалната заштита.**

**Функциите на социјалната заштита и нивните дефиниции се засноваат на Европскиот систем на статистика за социјална заштита (ЕССПРОС) од 1996 година на Канцеларијата за статистика на Европската Унија (Евростат). Во ЕССПРОС, социјалната заштита вклучува здравствена заштита, но оваа област не ја вклучува здравствената заштита. Здравствената заштита е опфатена во Областа 07. Така, медицинските добра и услуги кои се обезбедуваат за лицата кои добиваат парична и непарична помош утврдени во групите од (10.1) до (10.7) се класифицирани соодветно во (07.1), (07.2) или (07.3).**

## 10.1 БОЛЕСТ И ИНВАЛИДИТЕТ

### 10.11 БОЛЕСТ (ИУ)

Обезбедување на социјална заштита во форма на парична или непарична помош која во целост или делумно ја надоместува загубата на примања во периодот на привремена неспособност за работа поради болест или повреда; администрација, работа или поддршка на такви планови за социјална заштита; парична помош, како што е исплата за боледување со непроменлива стапка или во зависност од примањата, разни плаќања за помош на лица кои привремено не можат да работат поради болест или повреда; непарична помош, како што е помош во извршување на секојдневните активности за лица кои привремено не можат да работат поради болест или повреда (домашна нега, превозни средства, итн.).

### 10.12 ИНВАЛИДИТЕТ (ИУ)

Обезбедување на социјална заштита во форма на парична и непарична помош на лица кои се целосно или делумно онеспособени да учествуваат во некоја стопанска дејност или да водат нормален живеат поради физичка или ментална неспособност која што е или постојана состојба или веројатно ќе потрае подолго од минимално пропишаниот период; администрација, работа или поддршка на такви планови за социјална заштита; парична помош како што е инвалидска пензија што се исплаќа на лица под стандардната возраст за пензионирање кои се соочуваат со инвалидитет што ја намалува нивната способност за работа, помош за

предвремено пензионирање на постари работници кои се пензионираат пред да ја достигнат староснaта возраст за пензионирање поради намалена способност за работа, надоместоци за нега, надоместоци што се исплаќаат за лица со инвалидитет кои вршат работа прилагодена на нивната состојба или кои посетуваат стручна обука, други периодични или паушални плаќања кои се плаќаат на лица со инвалидитет како социјална заштита; непарична помош, како што е сместување, а понекогаш и храна што се обезбедува за лица со инвалидитет во соодветни установи, помош во извршување на секојдневните активности за лица со инвалидитет (домашна нега, превозни средства, итн.), надоместоци кои се исплаќаат на лице кое што се грижи за лице со инвалидитет, стручни и други обуки кои се обезбедуваат за понатамошна професионална и социјална рехабилитација на лицата со инвалидитет, разни услуги и добра кои се обезбедуваат за лицата со инвалидитет за да им се овозможи да учествуваат во слободни и културни активности, да патуваат или пак да учествуваат во животот на заедницата.

Не вклучува: парична и непарична помош што се исплаќа на лица со инвалидитет кога ќе ја достигнат стандардната возраст за пензионирање (10.20).

## 10.2 СТАРИ ЛИЦА

### 10.20 СТАРИ ЛИЦА (ИУ)

Обезбедување на социјална заштита во форма на парична и непарична помош за ризиците поврзани со стари лица (губење на приход, несоодветен приход, непостоење на независност во извршувањето на секојдневните обврски, намалено учество во социјалниот живот и животот во заедницата, итн.); администрација, работа или поддршка на такви планови за социјална заштита; парични бенефиции, како што се пензии за стари лица кои се исплаќаат на лица кога ќе ја достигнат стандардната возраст за пензионирање, предвидени старосни пензии кои се исплаќаат на постари работници кои се пензионираат пред стандардната возраст за пензионирање, делумни пензии кои се исплаќаат пред или по стандардната возраст за пензионирање на постари работници кои продолжуваат да работат но со намалено работно време, надоместоци за нега, други периодични или паушални исплати кои се исплаќаат по пензионирање или поради старост; непарична помош, како што е сместување, а понекогаш и храна што се обезбедува за постари лица во специјализирани установи или за престој со семејства во соодветни установи, помош во извршување на секојдневните активности за постари лица (домашна нега, превозни средства, итн.), надоместоци кои се исплаќаат на лице кое се грижи за постаро лице, разни услуги и добра кои се обезбедуваат за постари лица за да им се овозможи да учествуваат во слободни и културни активности, да патуваат или пак да учествуваат во животот на заедницата.

Вклучува: планови за пензии за воени лица и државни службеници.

Не вклучува: бенефиции за предвремено пензионирање кои се исплаќаат на постари работници кои се пензионираат пред  да ја достигнат стандардната возраст за пензионирање поради инвалидитет (10.12) или невработеност (10.50).

## 10.3 НАСЛЕДНИЦИ

### 10.30 НАСЛЕДНИЦИ (ИУ)

Обезбедување на социјална заштита во форма на парична и непарична помош на лица кои се наследници на починато лице (како што се сопруг/а, поранешен сопруг/а, деца, внуци, родители или други роднини на починатото лице); администрација, работа или поддршка на такви планови за социјална заштита; парична помош, како што се пензии на наследниците, грантови во случај на смрт и други периодични или паушални плаќања за наследниците; непарична помош, како што е помош за покривање на трошоци за погреб, разни услуги и добра што им се даваат на наследниците за да им се овозможи да учествуваат во животот во заедницата.

## 10.4 СЕМЕЈСТВО И ДЕЦА

### 10.40 СЕМЕЈСТВО И ДЕЦА (ИУ)

Обезбедување на социјална заштита во форма на парична и непарична помош на

домаќинства со издржувани деца; администрација, работа или поддршка на такви планови за социјална заштита; парична помош, како што се надоместоци за породилно отсуство, надомест за новороденче, помош за родителско отсуство, семејни или детски додатоци, други периодични или паушални плаќања за поддршка на домаќинства за да ги подмират трошоците за одредени потреби (на пример, на семејства со самохран родител или семејства со хендикепирани деца); непарична помош, како што се згрижување и храна кои се обезбедуваат за деца од предучилишна возраст во текот на денот или еден дел од денот, финансиска помош за плаќање на негувателка да се грижи за децата во текот на денот, перманентно згрижување и храна за деца и семејства (домови за деца без родители, згрижувачки семејства, итн.), добра и услуги кои се обезбедуваат дома на деца или на оние кои се грижат за нив, разни услуги и добра кои им се обезбедуваат на семејства, млади или деца (одморалишта и центри за рекреација).

Не вклучува: услуги за планирање на семејство (07.40).

## 10.5 НЕВРАБОТЕНОСТ

### 10.50 НЕВРАБОТЕНОСТ (ИУ)

Обезбедување на социјална заштита во форма на парична и непарична помош на лица кои се способни за работа, достапни за работа, но не можат да најдат соодветно вработување; администрација, работа или поддршка на такви планови за социјална заштита; парична помош, како што се целосна или делумна помош за невработени, помош за предвремено пензионирање што се исплаќа на постари работници кои се пензионираат пред да ја достигнат стандардната возраст за пензионирање поради невработеност или намалување на работни места заради економски мерки, надоместоци на целни групи од работната сила кои учествуваат во обуки наменети да го зголемат нивниот потенцијал за вработување, надоместок за работници кои се технолошки вишок, други периодични или паушални плаќања за невработени, особено за лица кои се невработени подолго време; непарична помош, како што се плаќања за преселување, стручна обука на невработени лица или преквалификација за лица кај кои постои ризик дека ќе ја загубат работата, сместување, храна или облека за невработени лица и нивните семејства.

Не вклучува:
1. општи програми или планови насочени кон зголемување на мобилноста на работната сила, намалување на стапката на невработеност или промовирање на вработувањето на обесправени лица или други групи кои се карактеризираат со висока стапка на невработеност (04.12);
2. парична и непарична помош што се исплаќа на невработени лица кога ќе достигнат стандардна возраст за пензионирање (10.20).

## 10.6 ДОМУВАЊЕ

### 10.60 ДОМУВАЊЕ (ИУ)

Обезбедување социјална заштита во форма на непарична помош за да им се помогне на домаќинствата да ги подмират трошоците за домување (примателите на оваа помош се проверуваат за да се утврдат нивните средства); администрација, работа или поддршка на такви планови за социјална помош; непарична помош, како што се привремени или долгорочни плаќања за да им се помогне на станарите со трошоците за кирија, плаќања за да се ублажат тековните трошоци за домување на сопствениците - станарите (всушност да им се помогне со плаќање на кредити или камата), обезбедување на евтини или социјални станови.

## 10.7 ОСТАНАТО СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ

### 10.70 ОСТАНАТО СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ (ИУ)

| | | 466360 | Субвенции за земјоделци за полиси за осигурување |
| | 4664 | | Меѓународни извозни активности за земјоделство |
| | | 466410 | Истражување и развој во земјоделството |
| | | 466490 | Други земјоделски производи |
| | 4669 | | Останати субвенции во областа на земјоделството |
| | | 466990 | Останати субвенции во областа на земјоделството |
| 467 | | | Државна помош за домашни компании |
| | 4671 | | Државна помош за домашни компании |
| | | 467110 | Државна помош за домашни компании |
| 468 | | | Државна помош за странски компании |
| | 4681 | | Државна помош за странски компании |
| | | 468110 | Државна помош за странски компании |
| 469 | | | Поврат на ДДВ за опрема купена од донации |
| | 4691 | | Поврат на ДДВ за опрема купена од донации |
| | | 469110 | Поврат на ДДВ за опрема купена од донации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 47 | | | | Социјални бенефиции |
| | 471 | | | Социјални надоместоци |
| | | 4711 | | Социјална помош за семејства |
| | | | 471110 | Социјална парична помош |
| | | | 471120 | Постојана парична помош |
| | | | 471130 | Паричен надоместок за помош и нега |
| | | | 471140 | Здравствена заштита на корисници на социјална помош |
| | | | 471150 | Надоместок за скратено работно време |
| | | | 471160 | Еднократна парична помош и помош во натура |
| | | 4712 | | Социјална помош за деца |
| | | | 471210 | Детски додаток |
| | | | 471220 | Посебен детски додаток |
| | | | 471230 | Помош за новороденчиња |
| | | | 471240 | Помош за деца без родители и родителска грижа |
| | | | 471250 | Плаќања за образование, згрижување, одмор и рекреација |
| | | | 471260 | Родителски додаток за дете |
| | | | 471270 | Право на домување |
| | | | 471280 | Надоместок за сместување и згрижување во згрижувачко семејство |
| | | | 471290 | Сместување во установи на деца без родители и родителска грижа |
| | | 4713 | | Социјална помош за инвалидизирани лица |
| | | | 471310 | Помош за лица со пречки во физичкиот и психичкиот развој |
| | | | 471320 | Дневно и привремено згрижување |
| | | 4714 | | Социјална помош за стари лица |
| | | | 471410 | Социјална помош за стари лица |
| | | 4715 | | Социјална помош за бегалци и азиланти |
| | | | 471510 | Помош за азиланти |
| | | | 471520 | Помош за бегалци од други земји |
| | | | 471530 | Помош за внатрешно раселени лица |
| | | 4716 | | Помош поврзана со одбраната |
| | | | 471610 | Надоместок за семејства чиј хранител е на отслужување во АРМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 471620 | Помош за инвалиди и лица кои биле политички затвореници |
| | | 471630 | Помош на цивилни инвалиди |
| | 4719 | | Друга социјална помош |
| | | 471910 | Исплати на осудени лица |
| | | 471920 | Исхрана за бездомници и други социјални лица |
| | | 471930 | Погребни трошоци за лица корисници на социјална помош |
| | | 471990 | Друга социјална помош |
| 472 | | | Плаќања од Фондот за ПИОМ |
| | 4721 | | Плаќања на пензии од Фондот за ПИОМ |
| | | 472110 | Плаќања на пензии од Фондот за ПИОМ |
| | 4722 | | Плаќања до инвалидите од Фондот за ПИОМ |
| | | 472210 | Плаќања до инвалидите од Фондот за ПИОМ |
| | 4723 | | Плаќање по основа на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување |
| | | 472310 | Плаќање по основа на задолжително капитално финансирано пензиско осигурување |
| | 4724 | | Придонеси за здравствено осигурување на пензионери |
| | | 472410 | Придонеси за здравствено осигурување на пензионери |
| | 4729 | | Други исплати од Фондот за ПИОМ |
| | | 472910 | Исплати за солидарен фонд за починати корисници на пензии |
| | | 472920 | Други исплати од Фондот за ПИОМ |
| 473 | | | Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување |
| | 4731 | | Бенефиции за невработени лица |
| | | 473110 | Бенефиции за невработени лица |
| | 4732 | | Надоместоци за преквалификации |
| | | 473210 | Надоместоци за преквалификации |
| | 4733 | | Надоместоци за вработување на хендикепирани лица |
| | | 473310 | Надоместоци за вработување на хендикепирани лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 4734 | | Придонеси за здравствено осигурување за невработени лица |
| | | 473410 | Придонеси за здравствено осигурување за невработени лица |
| | 4735 | | Придонеси за пензиско осигурување на невработени лица |
| | | 473510 | Придонеси за пензиско осигурување на невработени лица |
| | 4739 | | Други плаќања од Агенцијата за вработување |
| | | 473910 | Други плаќања од Агенцијата за вработување |
| 474 | | | Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување |
| | 4741 | | Надоместок за боледување |
| | | 474110 | Надоместок за боледување |
| | 4742 | | Надоместок за патни расходи за лекување во странство |
| | | 474210 | Надоместок за патни расходи за лекување во странство |
| | 4743 | | Надоместок за породилно отсуство |
| | | 474310 | Надоместок за породилно отсуство |
| | 4749 | | Други надоместоци за здравствено осигурување |
| | | 474910 | Други надоместоци за здравствено осигурување |
| 48 | | | Капитални расходи |
| 480 | | | Земјиште |
| | 4801 | | Земјиште |
| | | 480110 | Земјиште |
| | | 480120 | Надомест за одземен имот |
| | | 480130 | Подземни богатства |
| | | 480140 | Основни геолошки истражувања |
| | | 480190 | Други природни богатства |
| 481 | | | Згради и градби/објекти |
| | 4811 | | Станбени објекти |
| | | 481110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на станбени објекти |
| | | 481120 | Набавка или нова изградба на станбени објекти |
| | | 481130 | Реконструкција на станбени објекти |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 4812 | | Деловни објекти |
| | | 481210 | Подготвување проекти на деловни објекти |
| | | 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти |
| | | 481230 | Реконструкција на деловни објекти |
| | 4813 | | Други објекти и споменици |
| | | 481310 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти |
| | | 481320 | Изградба на други објекти |
| | | 481330 | Реконструкција на други објекти |
| | | 481350 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на споменици |
| | | 481360 | Изградба на споменици |
| | | 481370 | Реконструкција на споменици |
| 482 | | | Опрема и машини |
| | 4821 | | Купување опрема |
| | | 482100 | Купување земјоделска опрема |
| | | 482110 | Купување канцелариска опрема |
| | | 482120 | Купување медицинска опрема |
| | | 482130 | Купување лабораториска и научно-истражувачка опрема |
| | | 482140 | Купување телекомуникациска и видео опрема |
| | | 482150 | Купување кујнска опрема |
| | | 482160 | Купување опрема за греење и климатизација |
| | | 482170 | Геодетска опрема |
| | | 482180 | Купување опрема за воздухоплови |
| | | 482190 | Купување друга опрема |
| | 4822 | | Купување информатичка опрема |
| | | 482210 | Купување компјутери |
| | | 482220 | Купување ИТ сервери |
| | | 482290 | Купување друга ИТ опрема |
| | 4823 | | Купување механизација |
| | | 482310 | Купување земјоделска механизација |
| | | 482320 | Купување машини за изградба |
| | | 482340 | Купување други машини |
| | 4824 | | Стратешки стоки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 482410 | Купување прехранбени производи |
| | | 482420 | Купување индустриски производи |
| | | 482430 | Купување лекови и санитетски материјали |
| | | 482440 | Купување горива и поврзани производи |
| | | 482450 | Други стратешки резерви |
| 483 | | | Мебел |
| | 4831 | | Купување мебел |
| | | 483110 | Купување канцелариски мебел |
| | | 483120 | Купување училишен мебел |
| | | 483130 | Купување мебер за градинки и старечки домови |
| | | 483140 | Купување медицински мебел |
| | | 483190 | Купување друг мебел |
| 484 | | | Возила |
| | 4841 | | Купување транспортни возила за административни цели |
| | | 484110 | Купување патнички возила за административни цели |
| | | 484120 | Набавка на автобуси |
| | | 484130 | Купување други возила за административни цели |
| | | 484190 | Купување други возила за административни цели |
| | 4842 | | Купување возила за посебни намени |
| | | 484210 | Купување камиони и автобуси |
| | | 484220 | Купување медицински возила |
| | | 484230 | Купување противпожарни возила |
| | | 484240 | Купување возила за одбранбени цели/борбени возила |
| | | 484250 | Купување возови и трамваји |
| | | 484260 | Купување земјоделски возила |
| | | 484270 | Купување градежни возила |
| | | 484290 | Купување други возила за посебни намени |
| | 4843 | | Купување воздухоплови |
| | | 484310 | Купување авиони |
| | | 484320 | Купување хелихоптери |
| | 4844 | | Купување пловни објекти |
| | | 484410 | Купување пловни објекти |
| | 4849 | | Купување други возила |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 484910 | Купување други возила |
| 485 | | | Инфраструктура |
| | 4851 | | Сообраќајна инфраструктура |
| | | 485110 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта, автопати и мостови |
| | | 485120 | Изградба на улици, патишта и автопати |
| | | 485130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати |
| | | 485150 | Изградба на мостови |
| | | 485160 | Реконструкција на мостови |
| | | 485190 | Останата сообраќајна инфраструктура |
| | 4852 | | Пречистителни станици, колектори и канализациони системи |
| | | 485210 | Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на пречистителни станици, колектори и канализациони системи |
| | | 485220 | Изградба на пречистителни станици и колектори |
| | | 485230 | Реконструкција на пречистителни станици и колектори |
| | | 485240 | Изградба на канализациони мрежи и линии |
| | | 485250 | Реконструкција на канализациони мрежи и линии |
| | 4853 | | Депонии за отпад |
| | | 485310 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на депонии за отпад |
| | | 485320 | Изградба на депонии за отпад |
| | | 485330 | Реконструкција на депонии за отпад |
| | | 485340 | Чистење и санирање на депонии за отпад |
| | 4854 | | Капацитети за водоснабдување и водотеци |
| | | 485410 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување |
| | | 485420 | Изградба на капацитети за водоснабдување |
| | | 485430 | Реконструкција на капацитети за водоснабдување |
| | | 485440 | Изградба на водоснабдителни мрежи |
| | | 485450 | Реконструкција на водоснабдителни мрежи |
| | | 485460 | Изградба на капацитети за регулација на водотеци |

| | | |
|---|---|---|
| | 485470 | Регулација на капацитети за регулација на водотеци |
| | 485480 | Набавка и инсталација на водомери во домаќинства |
| 4855 | | Капацитети и ресурси за енергетика |
| | 485510 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети во енергетиката |
| | 485520 | Изградба на капацитети во енергетиката |
| | 485530 | Реконструкција на капацитети во енергетиката |
| | 485540 | Трошоци за подготвување проекти за минерални суровини |
| 4856 | | Физибилити студии |
| | 485610 | Физибилити студија за станбени објекти |
| | 485620 | Физибилити студија за деловни објекти |
| | 482630 | Физибилити студија за други објекти и споменици |
| | 485640 | Физибилити студија за сообраќајна инфраструктура |
| | 485650 | Физибилити студија на пречистителни станици и колектори |
| | 485660 | Физибилити студија за депонии за отпад |
| | 485670 | Физибилити студија за капацитети за водоснабдување и водотеци |
| | 485680 | Физибилити студија за капацитети и ресурси за енергетика |
| | 485690 | Физибилити студија за други капитални проекти |
| 4857 | | Надзор на изградба на деловни објекти |
| | 485710 | Надзор на изградба на станбени објекти |
| | 485720 | Надзор на изградба на деловни објекти |
| | 482730 | Надзор на изградба на други објекти и споменици |
| | 485740 | Надзор на изградба на сообраќајна инфраструктура |
| | 485750 | Надзор на изградба на пречистителни станици и колектори |
| | 485760 | Надзор на изградба на депонии за отпад |
| | 485770 | Надзор на изградба на капацитети за водоснабдување и водотеци |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 485780 | Надзор на изградба на капацитети и ресурси за енергетика |
| | | 485790 | Надзор на изградба на останата инфраструктура |
| | 4858 | | Средства за телекомуникација |
| | | 485810 | Подготвување проекти вклучвајќи дизајн на средства за телекомуникација |
| | | 485820 | Купување на средства за телекомуникација |
| | | 485830 | Реконструкција на средства за телекомуникација |
| | 4859 | | Останата инфраструктура |
| | | 485910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на останата инфраструктура |
| | | 485920 | Изградба на останата инфраструктура |
| | | 485930 | Реконструкција на останата инфраструктура |
| | | 485940 | Надзор над изградба на останата инфраструктура |
| 486 | | | Капитални трансфери и субвенции |
| | 4861 | | Капитални трансфери |
| | | 486110 | Капитални трансфери до Фондот за ПИОМ |
| | | 486120 | Капитални трансфери до Фондот за здравствено осигурување |
| | | 486130 | Капитални трансфери до Агенцијата за вработување |
| | | 486190 | Други капитални ~~дотации~~ трансфери |
| | 4862 | | Капитални субвенции |
| | | 486210 | Капитални субвенции за јавни нефинансиски субјекти |
| | | 486220 | Капитални субвенции за јавни финансиски институции |
| | | 486230 | Капитални субвенции за приватни нефинансиски претпријатија |
| | | 486240 | Капитални субвенции за други претпријатија/субјекти |
| | | 486250 | Капитални субвенции до задруги и ЛАГ |
| | | 486260 | Капитални субвенции во рибарство и аквакултура |
| | | 486270 | Капитални субвенции во руралниот развој |
| | 4863 | | Капитални дотации/Наменски дотации и трансфери до ЕЛС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 486310 | Капитални (Наменски) дотации до општините |
| | | 486320 | Капитални трансфери за развој на плански региони |
| | | 486330 | Капитални трансфери за развој на урбани региони |
| | | 486340 | Капитални трансфери за развој на селата |
| | | 486350 | Капитални дотации за подрачја со посебни развојни потреби и развој на селата |
| | | 486390 | Останти капитални дотации и трасфери до ЕЛС |
| 487 | | | Останати материјални средства |
| | 4871 | | Култивирани средства |
| | | 487110 | Пошумување |
| | | 487120 | Купување животни |
| | | 487190 | Останати култирвирани средства |
| | 4872 | | Скапоцености |
| | | 487210 | Музејски експонати |
| | | 487220 | Уметнички дела |
| | | 487230 | Литературни дела |
| | | 487240 | Артефакти |
| | | 487290 | Останати скапоцености |
| 488 | | | Нематеријални средства |
| | 4881 | | Домашни финансиски средства |
| | | 488110 | Депозити |
| | | 488120 | Хартии од вредност што не се акции |
| | | 488130 | Кредити за општините |
| | | 488150 | Кредити за јавни претпријатија |
| | | 488170 | Акции и друг капитал |
| | | 488190 | Позајмици |
| | 4882 | | Странски финансиски средства |
| | | 488210 | Депозити |
| | | 488220 | Должнички хартии од вредност |
| | | 489240 | Акции и друг капитал |
| | 4883 | | Вложување во домашни субјекти |
| | | 488310 | Вложување во домашни нефинансиски субјекти |
| | | 489320 | Вложување во домашни финансиски субјекти |
| | 4884 | | Вложување во странски институции |
| | | 488410 | Вложување во странски нефинансиски институции |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 488420 | Вложување во странски финансиски институции |
| | | 4885 | | Лиценцирани нематеријални средства |
| | | | 488510 | Литературни и уметнички оригинални дела |
| | | | 488520 | Авторски права, патенти и други лиценци |
| | | 4886 | | Подзаеми |
| | | | 488610 | Подзаеми за општини |
| | | | 488620 | Подзаеми за јавни претпријатија во државна сопственост |
| | | | 488630 | Подзаеми за јавни претпријатија во општинска сопственост |
| | | | 488640 | Подзаеми за трговски друштва во државна сопственост |
| | | | 488650 | Подзаеми за трговски друштва во општинска сопственост |
| | | | | Подзаеми до други субјекти |
| | | 4887 | | Софтвер и лиценци |
| | | | 488710 | Софтвер |
| | | | 488720 | Лиценци |
| | | 4888 | | Останати нематеријални средства |
| | | | 488890 | Останати нематеријални средства |
| 49 | | | | Одливи и отплата на главнина |
| | 491 | | | Отплата на главница  кон нерезиденти кредитори |
| | | 4911 | | Отплата на главница кон мултилатерални кредитори |
| | | | 491110 | Отплата на главница  кон Меѓународниот монетарен фонд |
| | | | 491120 | Отплата на главница  кон Светска банка |
| | | | 491130 | Отплата на главница кон Меѓународна здружение за развој (ИДА) |
| | | | 491140 | Отплата на главница кон Меѓународен фонд за развој на земјоделство (ИФАД) |
| | | | 491150 | Отплата на главница кон банка на Совет на ЕУ (ЦЕБ) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 491160 | Отплата на главница кон Европската инвестициона банка (ЕИБ) |
| | | 491170 | Отплата на главница кон Европска банка за обнова и развој (ЕБРД) |
| | | 491180 | Отплата на главница кон Европска унија |
| | | 491190 | Отплата на главница кон други мултилатерални кредитори |
| | 4912 | | Отплата на главница кон билатерални кредитори |
| | | 491210 | Отплата на главница кон Парискиот клуб на кредитори |
| | | 491220 | Отплата на главница кон Германска развојна банка (КфБ) |
| | | 491230 | Отплата на главница кон Џајка |
| | | 491290 | Отплата на главница кон други билатерални кредитори |
| | 4913 | | Отплата на главница кон приватни кредитори |
| | | 491310 | Отплата на главница за евробврзници |
| | | 491320 | Отплата на главница за други хартии од вредност издадени на меѓунардни финансиски пазари |
| | | 491330 | Отплата на главница по кредити од меѓународни инвестициски банки |
| | | 491340 | Отплата на главница кон Лондонскиот клуб на кредитори |
| | | 491390 | Отплата на главница по кредити од други приватни кредитори |
| 492 | | | Отплата на главнина кон резидентни кредитори |
| | 4921 | | Отплата на главница за државни хартии од вредност |
| | | 493110 | Отплата на главница за државни записи |
| | | 492120 | Отплата на главница за државни обврзници |
| | | 492130 | Отплата на главница за структурни обврзници |
| | 4922 | | Отплата на главница по кредити од резидентни кредитори |
| | | 492210 | Отплата на главница по краткорочни кредити од деловни банки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 492220 | Отплата на главница по долгорочни кредити од деловни банки |
| | | 492230 | Отплата на главница по краткорочни кредити од други финансиски институции |
| | | 492240 | Отплата на главница по долгорочни кредити од други финансиски институции |
| 494 | | | Одливи кон финансиски институции |
| | 4941 | | Одливи кон финансиски институции |
| | | 494110 | Одливи кон финансиски институции |
| 495 | | | Отплата на гаранции |
| | 4951 | | Отплата на гаранции кон нерезидентни кредитори |
| | | 495110 | Отплата на гаранции кон нерезидентни кредитори |
| | 4952 | | Отплата на гаранции кон резидентни кредитори |
| | | 495210 | Отплата на гаранции кон резидентни кредитори |

**4777.**

Врз основа на член 114 став (5) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА**
**ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

(1) Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правното лице буџетски корисник е отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правното лице-матичен буџетски корисник е отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Прекршочниот платен налог за градоначалникот на општината е отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Прекршочниот платен налог за одговорното лице во јавно претпријатие, друг јавен субјект или друго правно лице е отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 08-13580/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

*Прилог 1*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Број ___________________________
Датум: _______________ година во
__________часот

Врз основа на член 114 став (2) од Законот за буџети, финансискиот инспектор издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за одговорното лице во правното лице буџетски корисник)

| 1. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ БУЏЕТСКИ КОРИСНИК | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија | Датум, место и држава на раѓање | |
| | | |
| Број на документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа) | Датум и место на издавање | Издадена од |
| | | |
| Место на живеалиште или престојувалиште | Улица и број / адреса на живеалиште или престојувалиште | |
| | | |

| 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ БУЏЕТСКИ КОРИСНИК | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Единствен даночен број за правното лице буџетски корисник | |
| | |

| 3. ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК | | |
|---|---|---|
| Место на сторување на прекршокот | Датум | Време |
| | | |

| | |
|---|---|
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за сторениот прекршок | |

| 4. ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА | | | |
|---|---|---|---|
| Начин на плаќање | Плаќањето глоба за сторениот прекршок се врши на образец ПП 50 | | |
| Назив на примач | Буџет на Република Северна Македонија | | |
| Банка на примачот | Народна банка на Република Северна Македонија | | |
| Трезорска сметка | 100-0000000630-95 | | |
| Уплатна сметка | 840-xxx (ознака за општината каде се уплаќа) - 05509 | | |
| Приходна шифра | 722153 | Програма | 00 |
| Цел на дознака | Уплата на глоба по Прекршочен платен налог бр. ------ од ------ година | | |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до финансискиот инспектор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Сторител на прекршокот                Финансиски инспектор

_____________________     М.П.     _____________________

име, презиме и своерачен потпис          име, презиме и своерачен потпис

*Прилог 2*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Број ______________________
Датум: ____________________ година во
__________________ часот

Врз основа на член 114 став (2) од Законот за буџети, финансискиот инспектор издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
**(за одговорното лице во правното лице – матичен буџетски корисник)**

| 1. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ-МАТИЧЕН БУЏЕТСКИ КОРИСНИК | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија | Датум, место и држава на раѓање | |
| | | |
| Број на документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа) | Датум и место на издавање | Издадена од |
| | | |
| Место на живеалиште или престојувалиште | Улица и број / адреса на живеалиште или престојувалиште | |
| | | |

| 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ-МАТИЧЕН БУЏЕТСКИ КОРИСНИК | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Единствен даночен број за правното лице – матичен буџетски корисник | |

| 3. ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК | | |
|---|---|---|
| Место на сторување на прекршокот | Датум | Време |
| | | |

| | |
|---|---|
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за сторениот прекршок | |

| 4. ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА | | | |
|---|---|---|---|
| Начин на плаќање | Плаќањето глоба за сторениот прекршок се врши на образец ПП 50 | | |
| Назив на примач | Буџет на Република Северна Македонија | | |
| Банка на примачот | Народна банка на Република Северна Македонија | | |
| Трезорска сметка | 100-0000000630-95 | | |
| Уплатна сметка | 840-xxx (ознака за општината каде се уплаќа) - 05509 | | |
| Приходна шифра | 722153 | Програма | 00 |
| Цел на дознака | Уплата на глоба по Прекршочен платен налог бр. ------ од ------ година | | |

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до финансискиот инспектор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршокот | | Финансиски инспектор |
|---|---|---|
| ______________________ | М.П. | ______________________ |
| име, презиме и своерачен потпис | | име, презиме и своерачен потпис |

*Прилог 3*

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
Број ______________________
Датум: ____________________ година во
__________________часот

Врз основа на член 114 став (2) од Законот за буџети, финансискиот инспектор издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
**(за градоначалникот на општината)**

| 1. ПОДАТОЦИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНАТА | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија | Датум, место и држава на раѓање | |
| | | |
| Број на документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа) | Датум и место на издавање | Издадена од |
| | | |
| Место на живеалиште или престојувалиште | Улица и број / адреса на живеалиште или престојувалиште | |
| | | |

| 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНАТА | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Единствен даночен број на општината | |

| 3. ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК | | |
|---|---|---|
| Место на сторување на прекршокот | Датум | Време |
| | | |
| Опис на прекршокот | | |

| | |
|---|---|
| | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за сторениот прекршок | |

| 4. ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА | | | |
|---|---|---|---|
| Начин на плаќање | Плаќањето глоба за сторениот прекршок се врши на образец ПП 50 | | |
| Назив на примач | Буџет на Република Северна Македонија | | |
| Банка на примачот | Народна банка на Република Северна Македонија | | |
| Трезорска сметка | 100-0000000630-95 | | |
| Уплатна сметка | 840-xxx (ознака за општината каде се уплаќа) - 05509 | | |
| Приходна шифра | 722153 | Програма | 00 |
| Цел на дознака | Уплата на глоба по Прекршочен платен налог бр. ------ од ------ година | | |

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до финансискиот инспектор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Сторител на прекршокот

_______________________________
име, презиме и своерачен потпис

М.П.

Финансиски инспектор

_______________________________
име, презиме и своерачен потпис

*Прилог 4*

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Број ___________________________

Датум: _______________________ година во

____________________часот

Врз основа на член 114 став (2) од Законот за буџети, финансискиот инспектор издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

**(за одговорното лице во јавно претпријатие, друг јавен субјект или друго правно лице)**

| 1. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ДРУГ ЈАВЕН СУБЈЕКТ ИЛИ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија | Датум, место и држава на раѓање | |
| | | |
| Број на документ за лична идентификација (лична карта или патна исправа) | Датум и место на издавање | Издадена од |
| | | |
| Место на живеалиште или престојувалиште | Улица и број / адреса на живеалиште или престојувалиште | |
| | | |

| 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ДРУГ ЈАВЕН СУБЈЕКТ ИЛИ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ | |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Единствен даночен број на јавното претпријатие, друг јавен субјект или друго правно лице | |

| 3. ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК | | |
|---|---|---|
| Место на сторување на прекршокот | Датум | Време |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| | |
|---|---|
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за сторениот прекршок | |

| 4. ПОДАТОЦИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ГЛОБА | | | |
|---|---|---|---|
| Начин на плаќање | Плаќањето глоба за сторениот прекршок се врши на образец ПП 50 | | |
| Назив на примач | Буџет на Република Северна Македонија | | |
| Банка на примачот | Народна банка на Република Северна Македонија | | |
| Трезорска сметка | 100-0000000630-95 | | |
| Уплатна сметка | 840-xxx (ознака за општината каде се уплаќа) - 05509 | | |
| Приходна шифра | 722153 | Програма | 00 |
| Цел на дознака | Уплата на глоба по Прекршочен платен налог бр. ------ од ------ година | | |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до финансискиот инспектор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршокот | | Финансиски инспектор |
|---|---|---|
| ______________________ | М.П. | ______________________ |
| име, презиме и своерачен потпис | | име, презиме и своерачен потпис |

**4778.**

Согласно член 8 став (7) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24) министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА СРЕДНОРОЧНИ ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на Образецот за проценка на среднорочни фискални импликации.

Член 2

(1) Образецот за проценка на среднорочни фискални импликации се печати во А4 формат на хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на Образецот за проценка на среднорочни фискални импликации се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-13581/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

Прилог

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА СРЕДНОРОЧНИ ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| **1.Назив на предлогот:** | **2.Јавен субјект:** |
| | |
| **3.Цел на предлогот:** | **4.Вид на предлог:** |
| | |
| **5.Контакт лице и звање:** | **6.Контакт тел. или е-пошта:** |
| | |
| **7. Активност:** | |
| | |
| **8.Вид на барање:** | |

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

| |
|---|
| **9.Цел на барањето/предложената активност:** |
| |
| **10.Врска со владината програма:** |
| |

| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **T** | **T+1** | **T+2** | **T+3** | **T+4** | **T+5** |
| А.Вкупни расходи за предлогот | | | | | | |
| Плати | | | | | | |
| Стоки и услуги | | | | | | |
| Капитал | | | | | | |
| Трансфери | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Б. Одобрени средства за предлогот | | | | | | |
| Плати | | | | | | |
| Стоки и услуги | | | | | | |
| Капитал | | | | | | |
| Трансфери | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А) | | | | | | |
| Плати | | | | | | |
| Стоки и услуги | | | | | | |
| Капитал | | | | | | |
| Трансфери | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |
| Г.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) | | | | | | |
| Плати | | | | | | |
| Стоки и услуги | | | | | | |
| Капитал | | | | | | |
| Трансфери | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (В-Г) | | | | | | |
| Плати | | | | | | |
| Стоки и услуги | | | | | | |
| Капитал | | | | | | |
| Трансфери | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | | | | | | |
| Е.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Извор: ________________________ | | | | | | |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е) | | | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | | | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | | | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | | | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | | | | | | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | | | | | | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | | | | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | | | | | | |
| 22. Проценка на долгорочни фискални импликации: | | | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23. Фискален ефект врз матичен буџетски корисник: | | | |
| 24. Фискален ефект врз буџетски корисник: | | | |
| 25. Одобрено / Дата: | | | |
| ________________________<br>Државен секретар | ____/____<br>/______<br>Ден / месец / год. | ________________________<br>Предлагач | ____ /____<br>/______<br>Ден/ месец/год |

Упатство за пополнување на Образец за проценка на среднорочни фискални импликации

1. Во точката „Назив на предлогот“ се впишува називот на програмата/прописот/актот или обврската која се донесува врз основа на закони и/или други законски акти, вклучително нови или измени на постојните програми/прописи/акти или обврски.
2. Во точката „Јавен субјект“ се впишува предлагачот на програмата/прописот/актот кои ги донесува Владата на Република Северна Македонија или ги предлага Владата на Република Северна Македонија до Собранието на Република Северна Македонија, а може да бидат сите правни лица кои се основани од државата или општините, фондовите, општините, јавните претпријатија и трговските друштва со доминантна или целосна сопственост на државата или на општините и непрофитни институции контролирани и финансирани од државата или од општините.
3. Во точката „Цел на предлогот“ се впишува дали предлогот се поднесува заради добивање на одлука (одобрение за донесување на закон или регулатива) или за информација.
4. Во точката „Вид на предлог“ се впишува дали предлогот се однесува на донесување на нов закон, нацрт за измени на закон, подзаконска регулатива, пропис (правилник), предлог за капитална инвестиција, договор за доделување на државна помош.
5. Во точката „Контакт лице и звање“ се впишуваат личните податоци и звањето на лицето кое може да одговори на прашања во врска со содржината на предлогот.
6. Во точката „Контакт тел. или е-пошта“ се впишува телефонскиот број на контакт лицето и неговата е-пошта.
7. Во точката „Вид на барање“ се штиклираат една или повеќе видови на барање кое се однесува на предлогот.
8. Во точката „Цел на барањето/предложената активност“ се впишува кратко образложение за потребата од обезбедување/необезбедување на финансиски средства.
9. Во точката „Врска со владината програма“ се впишува дали предложениот документ е во согласност со владината програма.
10. Во точката „Фискални импликации“ се впишуваат пресметаните трошоци и импликациите на приходите за првата (тековна) година и за наредни 5 години.

11А. Во точката „Вкупни трошоци на предлогот“ се впишуваат вкупните трошоци за предлогот вклучувајќи ги и одобрените и сите дополнителни средства кои ќе бидат потребни.

11Б. Во точката „Одобрени средства за предлогот“ се впишува одобреното ниво на средства во рамки на програмата/активноста кои се распределени за конкретниот предлог.

11В. Во точката „Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)“ се впишува разликата помеѓу одобрените средства за предлогот (11Б) и вредноста во вкупни трошоци на предлогот (11А).

11Г. Во точката „Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)“ се впишуваат средствата кои можат да се обезбедат по пат на прераспределба на средства во рамките на одобрениот Буџет.

11Д. Во точката „Нето импликации на средствата на органот (В-Г)“ се впишуваат нето импликациите кои предлогот ќе ги има врз одобрените средства на органот. Ова претставува разлика помеѓу „Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)“ и „Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) (В-Г).

11Ѓ. Во точката „Зголемување/намалување на приходите“ се впишува промената во висината на приходите која би настанала како резултат на предлогот.

11Е. Во точката „Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците“ се впишуваат дополнителните средства кои би се обезбедиле надвор од одобрените буџетски средства (донации, спонзорства).

11. Во точката „Нето зголемување/намалување во бројот на вработени во врска со предлогот“ се впишува нето зголемувањето или намалувањето на бројот на вработени како резултат на доставениот предлог.

12. Во точката „ Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата на Република Северна Македонија (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е)“ се впишуваат сите трошоци кои ќе произлезат од предлогот а кои ќе создадат фискално оптоварување на Буџетот во иднина. Потребно е да се наведат кои видови на гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат со предлогот.

13. Во точката „Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение“ се впишува издржано и аргументирано образложение за барањата за дополнителни средства во тековната фискална година.

14. Во точката „Дата на завршување на проценката“ се впишува датата на одобрување на фискалната анализа од страна на државниот секретар во министерството. Доколку не е направена анализа на фискалните импликации бидејќи предлогот не предизвикува фискални импликации, во тој случај се наведува датата на која државниот секретар потпишал дека предлогот нема фискални импликации.

15. Во точката „Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење“ се впишува датата на која анализата на фискалните импликации и предлогот биле доставени до Министерството за финансии.

16. Во точката „Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии“ се впишува датата на која писменото мислење од Министерството за финансии било примено во Јавниот субјект-предлагач.

17. Во точката „Измени побарани од Министерството за финансии“ се впишува дали Министерството за финансии побарало какви било измени во анализата на фискалните импликации (наведете ДА или НЕ).

18. Во точката „Одговор на министерството – предлагач“ доколку биле побарани измени од Министерството за финансии се впишува кратко образложение дали е постапено по насоките и укажувањата, а доколку не е постапено да се образложи причината за непостапување.

19. Во точката „Одговор од Министерството за финансии“ се впишува дали Министерството за финансии е информирано за одговорот на јавниот субјект – предлагач во врска со нивното мислење и дали е истиот се сложува со одговорот на јавниот субјект – предлагач.

20. Во точката „Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог“ се впишува (накратко ДА).

21. Во точката „Проценка на долгорочни фискални импликации“ се впишуваат фискалните импликации кои би се јавиле доколку прописот е со долгорочно влијание или станува збор долгорочен проект.

22. Во точката „Фискален ефект врз матичен буџетски корисник“ се впишува дали фискалните импликации ќе бидат предизвикани врз Буџетот на буџетскиот корисник кој е хиреархиски претпоставен за сите буџетски корисници и други јавни субјекти кои се во негова надлежност. Се наведува дали истите се однесуваат на Буџетот на централната власт или на Буџет на локалната власт.

23. Во точката „Фискален ефект врз буџетски корисник“ се впишува дали фискалните импликации ќе бидат предизвикани врз Буџетот на буџетскиот корисник кој е правно лице кое е основано од државата или општините, фондовите и општините. Се наведува дали истите се однесуваат на Буџетот на централната власт или на Буџет на локалната власт.

24. Во точката „Одобрено/дата“ се впишува датата на потпишување на Образецот за проценка на среднорочни фискални импликации од страна на државниот секретар и раководното лице на предлагачот.

**4779.**

Врз основа на член 46 став (5) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24) министерот за финансии донесе

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ЛИКВИДНОСТА НА БУЏЕТОТ

Член 1

Со ова упатство поблиску се пропишува начинот на планирање на ликвидноста на буџетот.

Член 2

(1) По започнување на примената на буџетот од страна на Министерството за финансии врз основа на податоците од матичните буџетски корисници се утврдува динамиката на проценетите буџетски приходи и приливи и расходи и одливи по месеци во текот на буџетската година. Проценетата динамика се користи за управување со квотите, одредување на квоти по квартали или други периоди (во натамошниот текст: квоти), следење на реализацијата на буџетските приливи и одливи, како и планирање и управување со ликвидноста на буџетот.

(2) Во почетната проценка на динамиката за дадена буџетска година се земаат во предвид:

1. Податоците за реализација на буџетите од претходните три до пет години, ажурирани за најновите промени во економското, фискалното и монетарното опкружување;

2. Обврските пренесени од претходната буџетска година;

3. Динамиката на евидентираните повеќегодишни обврски преземени од буџетските корисници во претходните години;

4. Роковите за исплата на евидентираните обврски кои произлегуваат од задолжувањето;

5. Финансиските планови на матичните буџетски корисници и

6. Сите други релевантни податоци достапни во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии, вклучително и за непредвидени обврски.

(3) При изготвување на проценетата динамика од страна на Министерството за финансии во соработка со матичните буџетски корисници се определува периодот за плаќање за редовните месечни буџетски расходи и тоа:

1. Плати и пензии;

2. Расходи за стоки и услуги (комунални расходи);

3. Социјални трансфери;

4. Трансфери до општините;

5. Трансфери до фондовите за социјално осигурување и

6. Други редовни месечни буџетски расходи.

(4) Проценетата динамика редовно се ажурира од страна на Министерството за финансии согласно реално остварените приходи и приливи и расходи и одливи за соодветниот период, како и за какви било значајни промени во економското и фискалното опкружување кои не биле претходно проценети.

(5) Податоците потребни за изработка на проценката на динамиката ги обезбедуваат матичните буџетски корисници во кои се опфатени и буџетските корисници кои се под нивна надлежност.

(6) Податоците се внесуваат во соодветна база на податоци од страна на буџетските корисници и автоматски се генерираат и преземаат од страна на Министерството за финансии, кои можат да бидат директно преземени од базата на податоци на Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии или преку соодветни интерфејси од надворешните системи (Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, Министерство за финансии - Царинска управа и други поврзани информациски системи).

(7) По барање на Министерство за финансии или матичниот буџетски корисник, буџетскиот корисник треба да ги достави сите дополнителни информации кои сеуште не се внесени и достапни во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии.

(8) Од страна на Министерството за финансии во соработка со матичните буџетски корисници се утврдуваат квоти на матичните буџетски корисници во текот на целата буџетска година.

(9) Матичниот буџетски корисник ги распределува донесените квоти на буџетските корисници под негова надлежност.

(10) Во квартал или друг период за кој е одредена квота, буџетскиот корисник може да изврши плаќања до износот што е на располагање. Буџетскиот корисник не може да врши плаќања пред соодветната квота да биде евидентирана во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии.

(11) Утврдените квоти на матичните буџетски корисници и на буџетските корисници под нивна надлежност се евидентираат во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии.

(12) При утврдување или усогласување на квотите на матичен буџетски корисник се земаат во предвид:

1. Утврдената проценета динамика;

2. Годишниот финансиски план на матичниот буџетски корисник, со сите проектирани приходи и приливи, вклучувајќи ги приходите од сопствените активности и оние на буџетските корисници под негова надлежност и сите негови расходи и одливи;

3. Сите евидентирани обврски на буџетскиот корисник вклучително и датуми на достасување на плаќањата;

4. Информации обезбедени од матичните буџетски корисници за евентуално очекуваната промена во нивните финансиски планови;

5. Ликвидност на буџетот врз основа на движењето на салдото на Единствената трезорска сметка и проценетите кумулативни приливи за соодветните периоди;

6. Сезонската компонента на буџетските расходи и

7. Други релевантни податоци.

(13) Од страна на матичните буџетски корисници во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии се обезбедуваат и внесуваат сите дос-

тапни информации за очекуваните приходи и приливи, како и расходи и одливи за матичниот буџетски корисник и за буџетските корисници под негова надлежност кои се потребни за одредување или прилагодување на предлог квотите.

(14) Во периодот за кој се определени квотите Министерството за финансии може по барање на матичен буџетски корисник да разгледа зголемување на неговата квота.

(15) Од страна на Министерството за финансии може да се овозможи зголемување на квотата на матичниот буџетски корисник, доколку:

- за истиот износ се намалуваат квотите на други матични буџетски корисници и

- наплатените приходи и другите приливи, се повисоки од првично проценетите за тој период.

(16) При зголемувањето на тековната квота треба соодветно да се намалат квотите во следниот период на матичниот буџетски корисник.

(17) Матичниот буџетски корисник може на барање на буџетски корисник под негова надлежност да ја прилагоди неговата квота и да овозможи зголемување на квотата на тој буџетски корисник, доколку:

- во ист износ се намалуваат квотите на другите буџетски корисници под негова надлежност и

- е овозможено зголемување на квотата на матичниот буџетски корисник од страна на Министерството за финансии.

(18) Изменетата квота на матичниот буџетски корисник или на буџетскиот корисник под негова надлежност се евидентира во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии од страна на матичниот буџетски корисник.

(19) Секое прилагодување на квотата на буџетскиот корисник за тековниот период ќе резултира со соодветно прилагодување на квотите на тој буџетски корисник, утврдени за останатите квартали или за друг период до крајот на буџетската година.

(20) Податоците и другите информации од овој член треба да бидат соодветно пополнети, дигитално потпишани и обработени и во рамките на Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии.

Член 3

Планирањето на ликвидноста на буџетот на државата преку месечниот план за извршување на буџетот се состои од:

1. месечни проекции на приходи и приливи и
2. месечни проекции на расходи и одливи.

Член 4

(1) Месечните проекции на приходи и приливи се утврдуваат од страна на Министерството за финансии врз основа на проекциите на приходите и приливите внесени во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии или обезбедени од надворешни системи кои се достапни во Министерството за финансии.

(2) Месечните проекции на приходи и приливи Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Министерството за финансии - Царинската управа, како и матичните буџетски корисници ги обезбедуваат најдоцна до 25-ти во тековниот месец за наредниот месец.

(3) По барање на Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Министерството за финансии - Царинската управа, матичен буџетски корисник или буџетски корисник ги доставуваат сите достапни дополнителни информации поврзани со нивните проектирани приходи и други приливи.

(4) Месечните проекции на приходи и приливи ги опфаќаат и проектираните приливи од финансиски активности како што се издавање должнички инструменти и задолжување.

(5) Во текот на месецот за кој се однесува месечната проекција на приходи и приливи, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи, Министерството за финансии - Царинската управа и матичните буџетски корисници треба да го известат Министерството за финансии за секоја позначајна промена што може да влијае на динамиката или висината на нивните проекции на месечните приходи и приливи, а во случај на поголеми отстапувања истите веднаш го известуваат Министерството за финансии.

(6) Во текот на месецот за кој се однесува месечната проекција на приходи и приливи, буџетскиот корисник треба да го информира својот матичен буџетски корисник за секоја позначајна промена што може да влијае на динамиката или висината на неговите месечни проекции на приходи и приливи, а во случај на поголеми отстапувања истите веднаш го известуваат матичниот буџетски корисник.

Член 5

(1) Месечните проекции на расходи и одливи се утврдуваат од страна на Министерството за финансии, врз основа на проекции на месечните планови за извршување на буџетот на матичните буџетски корисници, во согласност со месечните проекции на приходите и приливите внесени во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии или обезбедени од надворешни системи кои се достапни во Министерството за финансии.

(2) Месечниот план од ставот (1) на овој член претставува збир од месечни планови за извршување на буџетот на матичните буџетски корисници.

(3) Матичниот буџетски корисник го внесува својот предложен месечен план од ставот (1) на овој член во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии најдоцна во рок од седум дена пред почетокот на месецот за кој се однесува и истиот ги опфаќа расходите и одливите на сите буџетски корисници под негова надлежност, при што не треба да го надмине износот на расположливата квота на матичниот буџетски корисник за тој период.

(4) По барање на Министерството за финансии од страна на матичниот буџетски корисник се обезбедуваат сите достапни дополнителни информации во врска со неговиот предложен месечен план од ставот (1) на овој член. На барање на матичниот буџетски корисник, од

страна на буџетскиот корисник под негова надлежност се обезбедуваат сите достапни дополнителни информации поврзани со неговите проценети расходи и одливи.

(5) Доколку матичен буџетски корисник не го внесе својот предложен месечен план од ставот (1) на овој член во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии во рокот утврден во ставот (3) на овој член или ако не ги обезбеди бараните дополнителни информации согласно ставот (4) на овој член, од страна на Министерство за финансии се изготвува проценет месечен план за извршување на буџетот на тој матичен буџетски корисник. Проценетиот месечен план на матичниот буџетски корисник се состои од сите релевантни податоци како што се датумите на достасување на неплатените обврски и налози за плаќања кои се веќе внесени и достапни во Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии.

(6) Доколку предложениот месечен план за извршување на буџетот на матичен буџетски корисник го надминува износот на неговата расположлива квота, матичниот буџетски корисник, заедно со предложениот месечен план за извршување на буџетот до Министерството за финансии поднесува и барање за усогласување на квотата.

Член 6

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 09-11901/1
30 декември 2024 година Министер за финансии,
Скопје м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

**4780.**

Врз основа на член 71 став (6) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22, 76/24 и 272/24) министерот за финансии донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА НАЧИНОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО ЛИКВИДНОСТА НА СИСТЕМОТ НА ЕДИНСТВЕНА ТРЕЗОРСКА СМЕТКА

Член 1

Со ова упатство поблиску се пропишува начинот на управување со ликвидноста на системот на Единствена трезорска сметка (во понатамошниот текст: ЕТС).

Член 2

(1) Со ликвидноста на системот на ЕТС управува Министерството за финансии, преку неговата организациона единица Трезор (во натамошниот текст: Трезор).

(2) Трезорот управува со ликвидноста на системот на ЕТС врз основа на редовни проекции за парични текови вклучувајќи месечни планови за извршување на буџетот, управување со динамиката на извршување на плаќањата и други активности релевантни за ликвидноста на системот ЕТС.

(3) При управувањето со ликвидноста на системот на ЕТС, се користат функционалностите на Интегрираниот информациски систем за управување со јавни финансии.

Член 3

(1) Од страна на Министерството за финансии се инвестира вишокот на ликвидни средства како краткорочни депозити во Народна банка на Република Северна Македонија, комерцијални банки или штедилници со седиште во Република Северна Македонија кои имаат дозвола за давање банкарски услуги во земјата.

(2) Вишокот на ликвидни средства може да се инвестираат надвор од ЕТС со цел зголемување на вредноста (приносот) на инвестициите, при што од страна на Министерството за финансии се инвестира за средствата за каматата и другите приноси да бидат повисоки од трошоците поврзани со инвестирањето. Инвестирањето во краткорочни депозити, краткорочни заеми или купување финансиски инструменти на пазарот на пари треба да се во согласност со принципите на сигурност, ликвидност и рентабилност, при што сите средства инвестирани надвор од ЕТС се сметаат за дел од системот на ЕТС и истиот се управува како единствен фонд на средства.

(3) Износот на ликвидни средства достапни за инвестирање се утврдува врз основа на ликвидносни проекции од страна на Трезорот. Ликвидносните проекции се изготвуваат на годишна основа и се ажурираат најмалку на неделна основа. Буџетските корисници поднесуваат квоти и месечни планови за извршување на буџетот како основа за планирање на ликвидноста. При ажурирање на квоти и месечни планови за извршување на буџетот истите треба да се најават до Трезорот.

(4) Проекцијата се базира на податоци за приливи и одливи од претходни години, податоци за временската динамика на планираните приливи и одливи на јавниот долг, податоци за очекуваните приходи и поврат на данок, податоци за очекуваните приходи од царината, податоци за капитални проекти, податоци на фондовите и други релевантни податоци. При изготвување на проекцијата се зема во предвид временскиот период на плаќањето на обврските со цел да се усогласи временскиот период на одливите со приливите.

Член 4

Во рамките на системот на ЕТС во трезорската главна книга се врши управување со ликвидноста преку генерирање на проекции за приливи и одливи. На редовна основа се врши усогласување на податоците за управување со ликвидноста и од страна на Трезорот се изготвува посебен финансиски извештај кој е прилог на завршната сметка.

Член 5

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Бр. 09-11902/1
30 декември 2024 година Министер за финансии,
Скопје м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

**4781.**

Врз основа на член 15 став (4) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/22, 76/24 и 272/24), министерот за финансии донесе

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ПОДГОТОВКА НА МАКРОЕКОНОМСКИТЕ И ФИСКАЛНИТЕ ПРОЕКЦИИ И ПРОЦЕСОТ НА КООРДИНАЦИЈА МЕЃУ ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ И ИНСТИТУЦИИ ПОВРЗАНИ СО МАКРОЕКОНОМСКОТО И ФИСКАЛНОТО ПРОЕКТИРАЊЕ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на подготовка на макроекономските и фискалните проекции и процесот на координација меѓу организациските единици и институции поврзани со макроекономското и фискалното проектирање.

Член 2

Макроекономските и фискалните проекции се содржани во Фискалната стратегија за тековната и следните пет фискални години, изработена согласно членовите 16, 17, 18 и 19 од Законот за буџети.

Член 3

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од член 17 од Законот за буџети, Министерството за финансии-Секторот за буџети и фондови (во понатамошниот текст: Секторот за буџети и фондови) доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци, до секторите во рамки на Министерство за финансии и тоа:

- Секторот за економска политика и развој;
- Секторот за трезор;
- Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика;
- Секторот за меѓународни финансиски односи;
- Секторот за управување со јавен долг;
- Секторот за управување со јавни инвестиции;
- Секторот за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА и
- други сектори во рамки на Министерството на финансии.

(2) Секторот за економска политика и развој доставува податоци за:

- реализирани макроекономски движења за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и макроекономски проекции за тековната година и следните пет години, вклучувајќи ги најмалку проекциите за реален и номинален БДП, инфлација, надворешно-трговска размена и пазар на труд;
- споредба на реализацијата на дадените макроекономски параметри со истите од претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на дадените параметри со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;
- споредба на остварениот и проектираниот реален БДП и инфлација, со други релевантни домашни и меѓународни институции, како и кратко објаснување на главните разлики, каде што е тоа можно;
- макрофискални ризици, вклучувајќи фискални ризици поврзани со потенцијалните обврски и конкретни ризици со квантитативно и квалитативно објаснување на ефектите врз клучните макроекономски и фискални параметри;
- образложение за усогласеност, односно отстапување од фискалните правила и за евентуални отстапувања од фискалните цели утврдени во претходната фискална стратегија;
- анализа на долгорочната фискална одржливост и
- други потребни информации и податоци.

(3) Секторот за трезор доставува податоци за:

- реализација на приходите и расходите на Буџетот на државата за претходната година и за изминатите месеци од тековната година;
- споредба на реализацијата на горенаведените параметри со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- опис и статус на реализацијата согласно член 2 точка 24 од Законот за буџети, во однос на субјектите на општа власт класифицирани во Сектор Држава (С.13) согласно со Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика;
- реализација за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција за тековната година и за наредните пет години на буџетското салдо (вкупно и примарно) на Буџетот на државата и буџетите на општините и
- други потребни информации и податоци.

(4) Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика во координација со Министерството за финансии-Царинската управа и Министерството за финансии -Управата за јавни приходи, доставува податоци за:

- реализација на приходите за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција на приходите за тековната година и за наредните пет години, и тоа за следните приходи: даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и други даночни приходи, како и проекција на даночни расходи;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и останати даночни приходи и даночни расходи со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;
- опис на секоја планирана и веќе спроведена реформа со квалитативно и квантитативно објаснување за секој поединечен вид на приход и
- други потребни информации и податоци.

(5) Секторот за меѓународни финансиски односи доставува податоци за:

- преглед на склучени договори за кредити со меѓународни финансиски институции, билатерални кредитори и странски комерцијални банки;
- споредба на реализацијата на склучените договори за кредити со реализацијата на претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на склучените договори за кредити со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;
- извештаи од меѓународните финансиски институции и Европската Унија кои се однесуваат на јавните финансии;
- издадени гаранции за претходните две години, како и за наредниот среднорочен период и
- други потребни информации и податоци.

(6) Секторот за управување со јавен долг доставува податоци за:

- реализација за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција за тековната година и за наредните пет години на следните параметри на Буџетот на државата и буџетите на општините, соодветно: приходи, расходи, финансирање, состојба на девизни депозити на почетокот на фискалната година, гаранции и долг на општа власт;
- преглед за задолжување (прилив) од домашни и странски кредити, отплата на долг (отплата на главница од заеми и издададени државни хартии од вредност-одлив);
- издадени и платени гаранции за претходните две години, како и за наредниот среднорочен период;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките;
- резиме на активностите на управување со долгот на општа власт, вклучувајќи и планирана структура на финансирање на дефицитот, отплатите и состојбата на депозити;
- опис и статус на реализацијата согласно член 2 точка 24 од Законот за буџети, во однос на субјектите на општа власт класифицирани во Сектор Држава (С.13) согласно со Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика;
- макрофискални ризици од аспект на гаранции и
- други потребни информации и податоци.

(7) Секторот за управување со јавни инвестиции доставува податоци за:

- проектите за јавни инвестиции планирани да започнат, продолжат или завршат во тековната и следните пет години;
- вкупната вредност, времетраење, планирани расходи и други одливи за следните пет години за секој наведен проект за јавна инвестиција, како и остатокот за финансирање до завршување на проектот;
- реализирани расходи и други одливи на проектите за јавни инвестиции со проценка за тековната година и за претходните две години;
- разгледани и оценети нови проекти за јавни инвестиции и јавно-приватни партнерства кои се предложени како нови иницијативи, во согласност со Уредбата за управување со јавни инвестиции, заради изготвување на сумарна листа на предложени разгледани и оценети нови иницијативи;
- сумарна листа на предложени разгледани и оценети нови иницијативи и проекти;
- приоритетна листа на нови проекти за јавни инвестиции и јавно-приватни партнерства разгледана од страна на меѓусекторска работна група и/или комитет која е одобрена од страна на Владата на Република Северна Македонија, односно Советот на општината и
- други потребни информации и податоци.

(8) Секторот за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА во координација со Секторот за централно финансирање и склучување на договори доставуваат податоци за:

- опис на користењето на претпристапната помош на ЕУ, за следните пет години;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став од претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите за користење на претпристапната помош на ЕУ со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките и
- други потребни информации и податоци.

Член 4

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од член 17 од Законот за буџети, Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци, до следните институции:

- Министерството за финансии - Царинската управа;
- Министерството за финансии - Управата за јавни приходи;
- Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини;
- Министерството за транспорт;
- Министерството за животна средина и просторно планирање;
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Државниот завод за статистика;
- Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија;
- Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија;

- Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и
- други релевантни институции согласно потребите.

(2) Министерството за финансии-Царинската управа и Министерството за финансии-Управата за јавни приходи во координација со Министерството за финансии - Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика, доставуваат податоци за:
- реализација на приходите за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и проекција на приходите за тековната година и за наредните пет години, и тоа за следните приходи: даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и други даночни приходи, како и проекција на даночни расходи;
- споредба на реализацијата на параметрите од алинејата 1 на овој став со претходниот Буџет и фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните отстапувања;
- споредба на проекциите на даночни приходи по видови даноци, царини, акцизи и останати даночни приходи и даночни расходи со претходната фискална стратегија, како и квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени, вклучително и на промените во политиките и
- опис на секоја планирана и веќе спроведена реформа со квалитативно и квантитативно објаснување за секој поединечен вид на приход.

(3) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини доставува:
- проекција на приходи по основ на концесии за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи по основ на концесии во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(4) Министерството за транспорт доставува:
- проекција на приходи од продажба на неизградено земјоделско земјиште за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи од продажба на неизградено земјоделско земјиште во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(5) Министерството за животна средина и просторно планирање доставува:
- проекција на приходи по основ на концесии за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи по основ на концесии во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(6) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува:
- проекција на приходи по основ на концесии за следните пет години, со детално образложение по истите и
- податоци за реализирани приходи по основ на концесии во претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(7) Државниот завод за статистика доставува опис и статус на реализацијата, согласно член 2 точка 24 од Законот за буџети, во однос на субјектите на општа власт класифицирани во Сектор Држава (С.13) согласно со Националната класификација на институционални сектори на Државниот завод за статистика.

(8) Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија доставува:
- проекции на приходи и расходи за следните пет години, со детално образложение за претпоставките врз основа на кои е извршена проекцијата на приходи и расходи (процент на усогласување на пензии, стапка на инфлација, процент на раст на вработеност, процент на раст на плати и друго) и
- податоци за реализирани приходи и расходи за претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(9) Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија доставува:
- проекции на приходи и расходи за следните пет години, со детално образложение за претпоставките врз основа на кои е извршена проекцијата на приходи и расходи (процент на раст на вработеност, процент на раст на плати и друго) и
- податоци за реализирани приходи и расходи за претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

(10) Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија доставува:
- проекции на приходи и расходи за следните пет години, со детално образложение за претпоставките врз основа на кои е извршена проекцијата на приходи и расходи (процент на раст на вработеност, процент на раст на плати и друго) и
- податоци за реализирани приходи и расходи за претходните две години, со образложение за евентуално отстапување од проекциите.

Член 5

Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци за финансиски и нефинансиски (материјални) средства на државата и општините до други сектори во рамки на Министерство за финансии и други релевантни институции согласно потребите.

Член 6

(1) Со цел забрзување на изготвувањето на Фискалната стратегија, Секторот за буџети и фондови истовремено циркуларното писмо за добивање на податоци го доставува и по електронски пат.

(2) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, буџетските корисници на Буџетот на државата подготвуваат фискални проекции врз основа на постојните законски и подзаконски прописи и настанати обврски (основно сценарио) и предлог за нови проекти и нови финансиски обврски (нови иницијативи).

(3) Од стана на раководителот на буџетскиот корисник се даваат насоки за подготовка на проекции за основно сценарио и нови иницијативи за финансирање на буџетските корисници во рамките на неговата надлежност.

(4) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови ги анализира добиените податоци од буџетските корисници.

(5) Од страна на Секторот за буџети и фондови се изработува основно сценарио и нови иницијативи, како основа за подготовка на Фискална стратегија за пет години.

(6) Од страна на Секторот за буџети и фондови се анализираат добиените податоци, вклучуваајќи ги сите аспекти кои можат да влијаат на јавните приходи и расходи (утврдени политики, владини заклучоци, измена на законските решенија, веќе започнати проекти, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и сл.).

(7) Новите иницијативи опфаќаат нови проекти, вклучувајќи проекти за јавни инвестиции и јавно-приватни партнерства и нови активности, предложени од буџетски корисници, вклучувајќи ги општините во нивно име, односно во име на јавните субјекти од нивна надлежност, кои ги подготвуваат во согласност со Уредбата за управување со јавни инвестиции и ги поднесуваат до Министерството за финансии за преглед и оценка.

(8) Доколку буџетските корисници предлагаат нови прописи, акти или обврски кои предизвикуваат фискални импликации во следните буџетски години, при подготовка на фискалната стратегија и буџетот, истите треба да се вклучат во нови иницијативи за финансирање.

Член 7

(1) Од страна на Секторот за буџети и фондови се разгледуваат предложените нови проекти и иницијативи и се оценуваат примарно од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста.

(2) Од страна на Секторот за буџети и фондови се подготвува сумарна листа на предложени разгледани и оценети нови иницијативи и проекти.

Член 8

Во постојана координација на Секторот за буџети и фондови со министерот за финансии се одредуваат таргетите за буџетско салдо (буџетски дефицит или буџетски суфицит), се оценуваат проекциите на приходите и расходите согласно приоритетите и Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија.

Член 9

При подготовка на Предлог Фискалната стратегија постои дневна писмена, електронска или друг вид на комуникација и координација со релевантните сектори во Министерството за финансии и надлежните институции во насока на обезбедување на дополнителни податоци и анализи, корекција на веќе добиените податоци и сл.

Член 10

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од член 17 од Законот за буџети, Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци за подготовка на Фискалната стратегија за делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа до секторите во рамки на Министерство за финансии и тоа:

- Секторот за трезор;
- Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика;
- Секторот за меѓународни финансиски односи;
- Секторот за управување со јавен долг;
- други сектори во рамки на Министерството на финансии.

(2) Секторот за трезор доставува податоци за:

- реализација на приходите и расходите на буџетите на единиците на локалната самоуправа за претходната година и за изминатите месеци од тековната година и
- податоци за единиците на локалната самоуправа со блокирана сметка за претходната година и за изминатите месеци од тековната година.

(3) Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика доставува податоци за:

- реализација на приходите на данокот на додадена вредност и данокот на личен доход од плата за претходната година и за изминатите месеци од тековната година, како и податоци за проекциите за приходите за следните пет години и
- опис на секоја спроведена и планирана реформа со квалитативно и квантитативно објаснување за секој поединечен вид на приход кои директно или индиректно се приходи на единиците на локалната самоуправа.

(4) Секторот за меѓународни финансиски односи доставува податоци за:

- преглед на склучени договори за кредити со меѓународни институции каде корисник на средствата се единиците на локалната самоуправа и
- други потребни информации и податоци.

(5) Секторот за управување со јавен долг доставува податоци за:

- преглед за задолжување (прилив) од домашни и странски кредити, отплата на долг за претходните две години и за изминатите месеци од тековната година на единиците на локалната самоуправа (отплата на главница од заеми и издадени хартии од вредност);
- квалитативно и квантитативно објаснување на главните промени на податоците од алинејата 1 на овој став, вклучително и на промените во политиките;
- преглед на издадени и платени гаранции на единиците на локалната самоуправа за претходните две години, како и за наредниот среднорочен период и
- други потребни информации и податоци.

Член 11

Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо со цел добивање на податоци за финансиски и нефинансиски (материјални) средства на општините до други сектори во рамки на Министерство за финансии и други релевантни институции согласно потребите.

Член 12

(1) Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, секторите во рамките на Министерството за финансии подготвуваат фискални проекции врз основа на постојните законски и подзаконски прописи, реализирани, започнати и предлог за нови проекти и податоци за извршување на буџетите на единиците на локалната самоуправа.

(2) Секторот за буџет и фондови од надлежните институции добива проекции за наменски, блок и други дотации за општините, како и проценки за овие дотации за наредните пет години, за распределување на одобрениот дел од приходите од данок на додадена вредност на општините и го утврдува максималниот износ на сопствени приходи за секоја општина поодделно.

Член 13

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови ги анализира добиените податоци од секторите во рамки на Министерство за финансии, ги подготвува среднорочните проекции за

единиците на локалната самоуправа и нацрт текстот за делот на локални власти, како дел од Фискалната стратегија.

Член 14

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година од членот 17 од Законот за буџети, Секторот за буџети и фондови доставува допис до Министерството за финансии - Секторот за трезор, со цел добивање на податоци за подготовка на Фискалната стратегија за делот кој се однесува на јавните претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на централно ниво и тоа за:

- реализирани приходи во Буџетот на Република Северна Македонија по основ на уплата на дивиденда од акционерските друштва во државна сопственост и реализирани приходи по основ на уплатен вишок на средства од работењето на јавните претпријатија во државна сопственост на централно ниво и
- реализирани исплати од Буџетот на Република Северна Македонија до јавните претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на централно ниво за претходните две години.

Член 15

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови доставува допис до Централниот регистар на Република Северна Македонија, со цел добивање на податоци за Годишните сметки, на јавните претпријатија и трговски друштва во државна сопственост на централно ниво, за претходната година.

Член 16

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови доставува циркуларно писмо до јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост на централно ниво, за добивање на податоци за подготовка на Фискалната стратегија и тоа за:

- реализирани вкупни приходи, согласно Годишна сметка за претходните две години;
- реализирани вкупни расходи, согласно Годишна сметка за претходните две години;
- финансиски резултат од работењето, пред оданочување, согласно Годишна сметка за претходните две години;
- планирани вкупни приходи, согласно Финансиски план за тековната година;
- планирани вкупни расходи, согласно Финансиски план за тековната година;
- планиран финансиски резултат од работењето, пред оданочување, согласно Финансиски план за тековната година;
- планирани вкупни приходи и расходи, по структура за следните пет години и
- планирани вкупни инвестиции, за наредните пет години.

Член 17

Согласно Планот со временски рокови за подготовка на Фискалната стратегија за соодветната фискална година, Секторот за буџети и фондови ги анализира добиените податоци и ги подготвува среднорочните проекции за јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост на централно ниво, како дел од Фискалната стратегија.

Член 18

Од страна на Секторот за буџети и фондови се проверува усогласеноста на предлог финансиските планови со насоките и упатствата од буџетскиот циркулар од членот 29 од Законот за буџети и со одобрените расходни лимити.

Член 19

Од страна на Секторот за буџети и фондови може да се дадат насоки за неопходни корекции во предлог финансиските планови за истите да бидат дел од предлогбуџетот за наредната година.

Член 20

Од страна на Фискалниот совет се изготвуваат анализи и мислења по однос на Буџетот на државата и Фискалната стратегија кои се доставуваат до Владата на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Член 21

Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-13587/1
30 декември 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија**, ц.о. – Скопје
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29, поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2024 година изнесува 16.650 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.**
**ISSN 0354-1622**
**Цената на овој број е 260 денари.**